ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# ФЕНИКС

# 86



ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ДО ИНСТИТУЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

ОДБЕЛЕЖАН „3-ТИ ДЕКЕМВРИ“ МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ



ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ ОД III МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ОХРИД 2012




ОДБЕЛЕЖАН „4-ТИ ДЕКЕМВРИ“ - ДЕН НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА



БРОЈ 76, ФЕВРУАРИ 2013
www.mobilnost.mk
e-mail: stilm@stilm.com.mk













# ФЕНИКС 86

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА


***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
Бранимир Јовановски

***Одговорни уредници:***
Бранимир Јовановски
Нико Јанков
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Нико Јанков
Бранимир Јовановски
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Буран Бала
Лилјана Матеничарска
Велибор Јакимовски
Васил Томов
Дејан Ѓорѓиевски
Венко Голабоски
Ефтимчо Атанасовски

***Лектор:***
Ангелина Николовска

***Адреса:***
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври" бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 76, Февруари 2013
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86" е запишан
во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
„ГАПО" – Скопје

Весникот е бесплатен.


СОДРЖИНА


ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2

ОДРЖАНА 9-ТА СЕДНИЦА НА УО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 3 ДЕКЕМВРИ 5

ОДРЖАНА ГОДИШНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 7

ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ ОД 3-ТА МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ОХРИД 2012 8

ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ – ДЕНОТ НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА" 10

ОБНОВИТЕЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ЗА 400 ЛИЦА ГОДИШНО 13

ПОБАРАНО ТОЛКУВАЊЕ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА НА УКИМ 14

КОРИСТЕЊЕ НА ОБЕЛЕЖАНИТЕ ПАРКИНГ-МЕСТА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО СКОПЈЕ 15

РАТИФИКАЦИЈАТА И КАКО ПОНАТАМУ 16

ОДРЖАНА ТРКАЛЕЗНА МАСА НА ТЕМА „ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ" 19

ДОНАЦИЈА ОД „МАКПЕТРОЛ" 23

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ 23

„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА" – УЧЕСНИК НА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА, СЕМИНАР, РАБОТЕН СОСТАНОК И ТРКАЛЕЗНА МАСА 24

НАЦРТ-РЕВИДИРАНА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ 2010-2020 25

ТРКАЛЕЗНА МАСА „ДИСКРИМИНАЦИЈА, СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ" 25

„СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И ИНТЕГРАЦИЈА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ" И „ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ – ДОБРИ ПРАКТИКИ" 26

ОДРЖАНИ XVIII-ТИТЕ ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА" 26

ЈУБИЛЕЈ 20 ГОДИНИ „МОБИЛНОСТ КОЧАНИ" 28

ТРАДИЦИОНАЛНА НОВОГОДИШНА СРЕДБА 28

ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА 29

УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ВТОР ПРОЕКТ, ОДОБРЕН ОД СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ 30

ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ БАРААТ ПОВЕЌЕ ВРАБОТУВАЊА ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 31

АКТИВНОСТИ НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА" 32

АКТИВНОСТИ НА „МОБИЛНОСТ ШТИП" 34

ОДРЖАНО ЕКИПНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ 35

ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ ТЕТОВО И ГОСТИВАР" 36

„РЕКЛАМНА БАЈКА" И ДЕДО МРАЗ 37

ДОСТА (БРЕ) НАСИЛНИЦИ! 38

ДА ЈА ЗАПОЗНАЕМЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 40

МЕДОТ И ЗДРАВЈЕТО 42

НАГРАДНА ИГРА 45

ЕТИЧКИ КОДЕКС НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 46

ЗАБАВНА СТРАНА 48



# Збор на уредникот

**Почитувани читател**и,

Го преживеавме, по којзнае којпат, најавуваниот „крај на светот“, но овојпат според пророштвото на Маите. Се свести народот дека залудни биле стравовите, дека пророштвата се само пророштва и дека нивната вистинитост многу зависи од оние што ги толкуваат, како ги толкуваат, што е целта на толкувањето... Меѓутоа едно е јасно, светот продолжи да живее и работи со несмалено темпо.

„Мобилност Македонија“ новата 2013 година ја дочека амбициозно. Не нè поколебаа последните две цифри од годината, воопшто не ја сметаме за малерозна, напротив, ја чувствуваме како година во која ќе направиме квалитативно поместување во однос на подобрување на правата на лицата со телесен инвалидитет во Република Македонија. А за да се оствари некое право... треба да се побара. Од бројните барања, некои сепак заслужуваат да бидат одделно истакнати.

Упативме допис до премиерот на Република Македонија, Никола Груевски, со кој ја поздравивме заложбата на Владата на Република Македонија со која јасно ја декларира грижата и заштитата на пензионерите спроведувајќи мерки кои им овозможуваат достоинствен, стабилен и посреќен живот меѓу другото и со проектот кој се реализира преку Министерството за труд и социјална политика за бањско-климатска рекреација на 10.000 пензионери годишно. Побаравме на сличен начин Владата да ја декларира грижата и заштитата за лицата со телесен инвалидитет предизвикан од: параплегија, дистрофија, ампутација на екстремитет, детска парализа, церебрална парализа, мултиплекс склероза и други невромускулни или коскени заболувања, спроведувајќи мерка со кои ќе им овозможи достоинствен, стабилен и посреќен живот преку проектот за обновителна рехабилитација за 400 лица со телесен инвалидитет годишно и 50 придружници, кој ќе се реализира преку Министерството за труд и социјална политика и „Мобилност Македонија“.

Од ЈП „Градски паркинг“ – Скопје и од Советот на Град Скопје, поттикнати од се почестите јавувања на нашите засегнати членови за тешкотиите со паркирање на нивните моторни возила, побаравме да се разгледа нашата иницијатива и да се донесе измена на Одлуката со која на обележаните возила на лицата со инвалидност од територијата на Република Македонија ќе им се дозволи користење на обележаните паркинг-места за лица со инвалидност на паркиралиштата со кои управува јавното претпријатие, под исти услови како и за лицата со телесен инвалидитет – жители на градот Скопје.

Од Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (УКИМ) побаравме толкување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, објавена во „Универзитетски гласник“ бр. 199 со која во член 5 се носи измена со која се вели: „Во членот 322, став 2, зборовите ‚да студираат без плаќање партиципација и кофинансирање на студиите се заменуваат со зборовите: ‚на дополнителни испитни рокови за завршно оценување“. Со оглед на тоа дека во овој член се зборува за ослободување од обврската за плаќање партиципација и кофинансирање на студиите, а не за испитни рокови, оваа измена доведе повеќе наши членови до забуна и нејаснотија за што всушност се однесува?

За сето ова, и за многу други активности на „Мобилност Македонија“ и здружените членки, ќе можете да се информирате во нашето гласило „ФЕНИКС 86“ кое уште овој број излегува под тој назив. Уредувачкиот одбор, согласно со Статутот на „Мобилност Македонија“, донесе одлука од следниот број називот на нашето гласило да гласи „МОБИЛНОСТ“.

*Бранимир Јовановски*

# ОДРЖАНА 9-ТА СЕДНИЦА НА УО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 09.02.2013 година во ДХО „Драе Џамбаз“ во Скопје беше одржана деветтата седница на Управниот одбор на Мобилност Македонија.

Пред одржување на седницата на Управниот одбор, се одржа редовна годишна седница на Уредувачки одбор на нашето гласило „Феникс86“ на која беше даден отчет за работењето на уредниците во 2012 година, како и други актуелности во врска со изработката, печатењето и дистрибутирањето на гласилото. Согласно измените на Статутот на Мобилност Македонија во 2011 година, како и ребрендирањето на сојузот во бренд кој ќе биде лесно препознатлив за лицата со телесен инвалидитет под називот МОБИЛНОСТ, Уредувачкиот одбор донесе одлука од бројот 77 и нашето гласило, наместо „Феникс 86“, да се нарекува „МОБИЛНОСТ“.

На седницата на Управниот одбор на Мобилност Македонија беа разгледани повеќе прашања и беа донесени соодветни одлуки меѓу кои:



-Беше усвоен Записникот од претходната седница на УО одржана на 30.10.2012 година;

-Беа поднесени извештаи за:

-Одржани XVIII-ти Музички средби на лица со телесен инвалидитет кои сеодржаа во хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица од 23-25.11.2012 година;

-Одржан XVIII-ти Републички квиз натпревар за лица со телесен инвалидитет во хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица од 23-25.11.2012 година;

-Одржана III-та Ликовна изложба на дела од меѓународната ликовна колонија во Порта Македонија на 03.12.2012 година;

-Одржана XV – та „Тортијада“ во Струмица;

-Одржан III-ти Турнир во табла во Тетово;

-Учество на претставници на Мобилност Македонија на шестата меѓународна конференција во Сански Мост, БИХ, во организација на Координацискиот одбор на кантонални инвалидски здруженија и сојузи на Унско-Сански кантон, под мотото „Делуваме заедно“ на 14 и 15 ноември 2012 година на која учествуваа преку 220 учесници од Босна и Херцеговина, Македонија, Словенија, Србија и Црна Гора. Претседателот на Мобилност Македонија имаше излагање вториот работен ден од конференцијата на тема: „Искуства за фазите на носењето на Националната стратегија за подобрување на правата и изедначување на можностите на лицата со инвалидност во Република Македонија“, тема која всушност беше практичен приказ на поврзаноста на институциите а државата со невладините организации во креирање, усвојување и спроведување на стратешки документи од областа на правата на лицата со инвалидност, како што е Националната стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност во Р. Македонија (ревидирана) 2010-2018.



-Одбележан „3-ти Декември“ – Меѓународен ден на лицата со инвалидност;

-Одбележан „4-ти Декември“ – Ден на лица со телесен инвалидитет на Македонија;

-Одржани XVIII -ти литературни средби на лица со телесен инвалидитет на Македонија;

-Одржан работен состанок во ФЗОМ на 21.01.2013 година во врска со ортопедските помагала;

-Одржана работна средба во Мобилност Охрид на 31.01.2013 година;

-Добиена донација од Макпетрол, бензин во вредност од 90.000,00 денари;

-Учество на наши претставници во проекти, работилници, семинари и тркалезни маси во периодот меѓу две седници на УО;

-Поднесено барање до ЈП „Градски паркинг“;

-Поднесено барање за враќање на ДДВ за набавка на автомобил;

-Поднесено барање за обновнителна рехабилитација;

-Поднесено барање до Телеком за Хот спот безжичен интернет во апартманите во Охрид;

-Поднесено барање за толкување на статутарна одлука на УКИМ со која се става под прашање ослободување од котизација за студирање на лица со телесен инвалидитет;

-Беше разгледан и усвоен Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2012 година и како таков доставен на разгледување и усвојување на Собранието на Мобилност Македонија;

-Беа потврдени одлуките од електронско гласање: за висината на Касовиот максимум во 2013 година, за членови на Комисиите за попис на средствата на Мобилност Македонија во Скопје и Охрид, и за одржување годишно редовно собрание;

-Беше донесена одлука да се наградат со лаптоп нашата членка Оливера Наковска-Бикова и нејзиниот тренер Бранимир Јовановски за освоениот златен медал на Параолимписките игри во Лондон 2012 година, што претставува успешна афирмација на нашиот сојуз и Република Македонија во светот;

-Информација за започнување на Проект со Завод за унапредување на социјални дејности на тема: „Работа со родители на лица со инвалидност и заедничко креирање на развојна програма за подобрување на квалитетот на живеење“;









-Беше разгледан и усвоен Извештајот за финансиското и материјално работење на Мобилност Македонија во 2012 година и Извештајот на Надзорниот одбор и како такви доставени на разгледување и усвојување на Собранието на Мобилност Македонија;

-Беше разгледан и усвоен Етички кодекс на Мобилност Македонија;

-Беше донесена Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност како и пречистен текст на Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност;

-Беше донесена одлука за исплата на надоместоците за службени патувања во РМ и странство;

-Беше донесена одлука да се склучи Договор со АД Дебарски Бањи – Цапа за упатување на членовите од Мобилност Охрид и Струга на опоравок;

-Беше донесена Одлука за исплата на 90% од четвртата редовна дотација за редовна дејност на здруженијата, членки на Мобилност Македонија, за 2012 година по започнувањето на финансирањето во 2013 година.

*Б.Јовановски*

# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 3 ДЕКЕМВРИ

Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија одбележувањето на меѓународниот ден на лицата со инвалидност – 3 декември го реализираше во соработка со останатите национални инвалидски организации во составот на НСИОМ на централна прослава одржана на 3.12.2012 година во големата сала на ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје. На одбележувањето покрај претставниците на националните инвалидски организации здружени во НСИОМ, присуствуваше и министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, кој во своето обраќање до присутните говореше за значењето на денот и за заложбите и активностите кои министерството за труд и социјална









политика ги презема за подобрување на положбата на лицата со инвалидност во Република Македонија. На одбележувањето присуствуваа и претставници од: здруженијата-членки на националните инвалидски организации, здруженија на граѓани за поддршка на лицата со инвалидност, други невладини организации, министерства, научни институции, здравствени институции, образовни институции, социјални установи и институции, како и поголем број на наши членови.

Одбележувањето на овој ден има цел да го промовира разбирањето на проблемот на инвалидноста и да мобилизира поддршка од општествената заедница за достоинството, правата и благосостојбата на лицата со инвалидност. Одбележувањето на овој датум, исто така има цел да ја подигне свеста за придобивките од интеграцијата на лицата со инвалидност во сите аспекти на политичкиот, економскиот и културниот живот. Главен фокус на одбележувањето треба да биде нашето настојување за натамошното имплементирање на меѓународните норми и стандарди за лицата со инвалидност во Република Македонија.

Тема на одбележувањето на 3 декември 2012 година при Обединетите нации се одвиваше под мотото: „Отстранување на бариерите за создавање на инклузивно и достапно општество за сите“.

Над една милијарда луѓе, или околу 15 проценти од населението во светот, живеат со некој вид на инвалидност. Лицата со инвалидност иако го претставуваат „најголемото малцинство во светот“, често се соочуваат со бариери кои им оневозможуваат потполно учество во сите аспекти на општеството. Бариерите може да имаат различни форми, вклучувајќи ги оние што се однесуваат на физичката средина или на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ), или оние што произлегуваат од законодавството или политика, од општествените ставови или од дискриминација. Резултатот на

истите е дека лицата со инвалидност немаат еднаков пристап до општеството или услугите, вклучувајќи ги образованието, вработувањето, здравството, транспортот, политичкото учество или правда.

Фактите и искуството покажуваат дека доколку бариерите за вклучување на лицата со инвалидност се отстранети, и овие лица се поттикнати целосно да учествуваат во општествениот живот, целата заедница има корист. Според тоа, бариерите со кои се соочуваат лицата со инвалидност се штета за општеството како целина и овозможување на пристапност е неопходно за да се постигне напредок и развој во инклузијата на лицата со инвалидност во сите пори на општеството.



Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност посочува дека постоењето на бариери претставува централна компонента на инвалидноста. Конвенцијата го развива концептот дека инвалидноста е „резултат од интеракцијата меѓу лицата со разновидни оштетувања и бариерите на животната средина кои го попречуваат нивното целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите“.

Пристапноста и вклучувањето на лицата со инвалидност се основни права кои се признати од страна на Конвенцијата и не се само цел туку и предуслов за уживање на другите права. Конвенцијата (член 9, пристапност) се обидува да им овозможи на лицата со инвалидност да живеат независно и целосно да учествуваат во сите аспекти на животот и развојот. Таа ги повикува државите да преземат соодветни мерки за да обезбедат лицата со инвалидност да имаат пристап до сите аспекти на општеството на еднаква основа со другите, како и да ги идентификуваат и елиминираат пречките и бариерите за пристапност.

И покрај ова, во многу делови на светот денес, недостаток на свест и разбирање за пристапност останува основна пречка за постигнување на напредок и развој на ова поле.

Одбележувањето на меѓународниот ден на лицата со инвалидност во 2012 година дава можност за решавање на оваа исклученост, со фокусирање на промоција на пристапност и отстранување на сите видови на бариери во општеството.

Одбележување на меѓународниот ден на лицата со инвалидност обезбедува можност за учество на сите заинтересирани страни – Владата, граѓанското општество и организации на лица со инвалидност – да се фокусираат на прашања во врска со отстранување на бариерите и создавање на инклузивно и достапно општество кое ќе биде од корист на сите. Потребно е да се одржат форуми, јавни дискусии и информативни кампањи за поддршка за да се изнајдат нови начини и средства со кои ќе се отстранат сите пречки за вклучување на лицата со инвалидност и нивните семејства во сите пори на општеството.



Претседателот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет – Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, во своето обраќање до присутните говореше за бариерите во околината која ги опкружува и со кои се среќаваат лицата со телесен инвалидитет во секојдневниот живот:

„Лицата со телесен инвалидитет во најголема мера се соочуваат со бројни архитектонски бариери во своето опкружување. Иако од 2010 година на сила е „Правилник за начинот на обезбедување непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите“, каде што детално е опишана пристапноста, сведоци сме дека во повеќето локални самоуправи има многу мал број на обележани паркинг-места за лица со инвалидност (а правилно обележани уште помалку), потоа адаптирани тоалети во јавните објекти, спуштени рабници на пешачки премини, тесни врати за влез во објектите и тоалетите, недостаток на рампи, платформи и лифтови за премостување на висински разлики во објектите на локалните самоуправи, подрачните единици на Фондот за здравствено осигурување, подрачните

единици на пензиско и инвалидско осигурување, центрите за социјални работи, основните и средните училишта, факултетите, лекарските и стоматолошки ординации, банките, поштите, домовите на култура, театрите, спортските објекти... итн. Се прашувам дали некој размислува дека лицата со потежок телесен инвалидитет се двојно дискриминирани во случај на постоење на архитектонски бариери во околината која не опкружува, и тоа: првпат како корисници на услуги, бидејќи не можат самостојно да влезат во банките, поштите, институциите, подрачните единици, спортските објекти... и вторпат како потенцијални вработени лица банките, поштите, институциите, подрачните единици, спортските објекти, при што се кршат одредбите од Законот за спречување на дискриминација при вработување на лицата со инвалидност. Морам да истакнам дека се вложуваат одредени напори за подобрување на состојбата. Сведоци сме дека пред некои институции во некои локални самоуправи се премостени дел од архитектонските бариери, меѓутоа негативни примери, за жал, сè уште има многу повеќе од позитивните, особено што сме сведоци на изградба на нови станбени и јавни згради неприспособени за лицата со потежок и најтежок телесен инвалидитет кои во секојдневниот живот за движење се служат со патерици или инвалидски колички.

Порака која Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија сака да ја упати до надлежните институции од денешново одбележување на 3 декември – меѓународен ден на лицата со инвалидност е заложбата за целосно и недвосмислено применување на „Правилникот за начинот на обезбедување непречен пристап, движење, престој и работа на лицата со инвалидност до и во градбите“ кога е во прашање изградба на нови објекти, како и разумен рок за адаптација на старите градби на територијата на Република Македонија, како и приспособување на средствата на јавниот градски и меѓуградски транспорт за потребите на лицата со телесен инвалидитет со што ќе се олесни и поедностави нивното одење на училиште, на работа, кај лекар, посета на културно-забавни и спортски настани, присуство на активности во организацијата на своето здружение и слично“ – истакна претседателот на „Мобилност Македонија“.

Претседателот на НСИОМ на параолимпијката Оливера Наковска-Бикова и врачи плакета „Четврти декември“, а учениците од училиштето за глуви и наглуви „Партение Зографски“ изведоа неколку музички точки. Програмата ја заврши членката на „Мобилност Македонија“ Соња Георгиевска со читање на своја творба.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНА ГОДИШНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 09.02.2013 година во Домот на ХО „Даре Џамбаз” Скопје, со почеток во 12 часот се одржа Седницата на редовното годишно Собрание на Мобилност Македонија.

Со седницата раководеше претседателот на сојузот, а по утврдувањето на дневниот ред, беа избрани записничар и двајца оверувачи на записникот.

По разгледувањето и усвојувањето на Записникот од седница на Собранието на Мобилност Македонија одржана на 28.02.2012 година, се донесоа повеќе одлуки за усвојување на одредни акти на Мобилност Македонија меѓу кои:

-Се донесување одлука за измени и дополнување на Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност на Мобилност Македонија;

-Се усвои пречистен текст на Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност на Мобилност Македонија;

-Се разгледа и усвои Извештајот за работа на Мобилност Македонија за 2012 година;

-Се разгледа и усвоиИзвештајот од Надзорниот одбор за извршена контрола врз материјално-финансиското работење на Мобилност Македонија во 2012 година;

-Се разгледа и усвои Извештајот за финансиско и материјално работење на Мобилност Македонија за 2012година и Годишна сметка на сојузот за 2012 година;

-Се разгледаа и усвоија Извештаите од комисиите за попис на средствата на Мобилност Македонија во Скопје и во апартманите во Охрид;

-Се разгледа и усвои Програмата за работа на Мобилност Македонија за 2013година;

-Се разгледа и усвои Финансискиот план за потребни средства за работа на Мобилност Македонија во 2013 година;

-Се овласти Управниот одбор да избира претставници Мобилност на Македонија во Собрание на НФ-СРИМ-МПК.

*Б.Јовановски*

# ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ ОД 3-ТА МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА

Во предвечерието на одбележувањето на „3 Декември“ – Меѓународниот ден на лицата со инвалидност, Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, на 03.12.2012 година со почеток во 20 часот во галерискиот простор на „Порта Македонија“ во Скопје ја организираше изложбата на слики од третата меѓународна ликовна колонија Охрид 2012. Изложбата имаше донаторски карактер,



уметничките дела насликани од академски уметници и талентирани лица со телесен инвалидитет беа понудени на продажба по симбилична цена од 200 евра во денарска противвредност. Исклучително важно е да се потенцира дека финансиските средства прибрани од продадените уметнички дела ќе бидат употребени за натамошно зголемување на обемот и квалитетот на сликарската колонија во смисол, поред академските сликари, да бидат вклучени поголем број на лица со телесен инвалидитет од државите од регионот, како и за постојаните активности за остварување и подобрување на правата на лицата со телесен инвалидитет во Македонија.

На изложбата присуствуваа членови од неколку наши општински и меѓуопштински здруженија, уметници, музичари, претставници на бизнис секторот, како и многу граѓани, почитувачи на активностите на Мобилност Македонија.

Претседателот на МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА во својот поздравен говор ја истакна благодарноста до директорката на „Порта Македонија“, г-ѓа Емилија Андонова – Пападимитров, за љубезниот прием, разбирање и отстапениот еднонеделен простор за изложбата, особено за прекрасниот ентериер на Порта Македонија која е целосно адаптирана за самостојно движење и престојување на лица со телесен инвалидитет.

Изложбата ја отвори проф.Димитар Малиданов, и самиот еден од учесниците на ликовната колонија и член на Одборот за организација на ликовната колонија при Мобилност Македонија, истакнувајќи ја преданоста на уметниците кои неуморно твореа шест дена вткајувајќи го својот изграден уметнички израз надополнет со многу љубов и позитивна енергија на триесет и петте насликани дела. Тој истакна дека е потполно убеден во





потребата од постоење на ваква Ликовната колонија и изрази надеж дека од година во година истата ќе остави неизбришливи траги како во уметноста, така и до движењето за правата на лицата со телесен инвалидитет.

Предговор за Каталогот во кој беа презентирани биографиите на учесниците и дел од нивните дела наречен „Сликарството наспроти телесните бариери“ го напиша Конча Пиркоска, член на Одборот за организација на ликовната колонија при Мобилност Македонија:

„Третата по ред меѓународната ликовна колонија која е организирана од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет - Мобилност Македонија, традиционално се одржа во Охрид. Како и на претходните две

# КОЛОНИЈА ОХРИД 2012

колонии, така и на годинешнава, освен лица со телесен инвалидитет, учествуваа и академски сликари, графичари и вајари од Р. Македонија, Р. Србија и Р. Бугарија.

Причината за учеството на академските уметници на колонијата, освен хуманистичка, има и етчка димензија. Нивната цел не се состои само од професионално стимулирање на уметниците со телесен инвалидитет, туку пред се, се состои и од морални и финансиски причини,





од поддршката на нивниот творечки легитимитет пред поширократа заедница. Со изложбата всушност се испраќа општествена порака за суштинско, а не декларативно подобрување на правата на овие лица, кои преку своите разновидни потенцијали, ја покажуваат и ја докажуваат нивната силна долгогодишна физичка, психолошка и креативна борба против доминацијата на наметнатите бариери и предрасуди со кои секојдневно се судираат во глобалниот општествен контекст. Оваа изложбата во својот потконтекст го проблематизира и сегрегирачкиот поим на Другоста на другиот- поинаквиот. Од наметнатите конвенции, оние Другите, себеси не се третираат за инвалидизирани, туку за поинакви и успешни, лица достојни за почит.

Но, кога станува збор за успешноста и почитта, би сакале, токму оние, кои себеси се сметаат за „ инакви од Другите“, да ги потсетиме, на некои лица со телесен инвалидитет, и да го докажеме токму спротивното, дека токму тие, се разликуваат од нив, според нивниот духовен инвалидитет. Покрај многуте познати и непознати имиња, достојни за почит и восхит, во мигов, спонатно ни се наметнаа три светски генијални личности со те-



лесен инвалидитет од областа на науката и уметноста, како што се: теорискиот физичар, математичар и космолог Стивен Хокинг, филозофот, етичарот и книжевниот теоретичар Михаил Бахтин и оперскиот пеач Андреа Бочели. Тие на човештвото му го подарија својот ум и глас, и му оставија, и сеуште му ги оставаат во наследство своите трајни духовни вредности. Овие имиња, како и многумина други ненаведени, минувајќи во својот живот низ различни голготи и општетсвени предрасуди, се само едни од примерите, достојни за глорификација и стимулација на секоја личност, без оглед на нивната физичка кондиција и духовни капацитети.

Со организирањето на оваа изложба, покрај повеќето афирмирани македонски, српски и бугарски уметници, двете сликарки (исто така афирмирани), смоуката сликарка Роза Мојсовска (која слика со уста), и академската сликарка Афердита Кики, (двете членови на Мобилност Македонија), со нивните повеќегодишни претходни индивидуални изложби, како и со своите различно третирани актуелни слики, ги покажаа и ги докажаа своите креативни потенцијали не само во земјата, туку и во странство.

Уметниците од различни возрасти и потесни специјалности, на колонијата ја имаа потполната слобода да ја артикулираат својата творечка имагинација низ разно-

родните стилски концепти. Како што може да се забележи на самата изложба, најголемиот број од уметниците, низ своите индивидуални сликарски дискурси, (Андријана Мициев-Нечовска, Брацо Азариќ, Ива Савчева, Јанко Лацо, Димитар Малиданов, Никола Николов, Зоран Јакимовски, Роза Мојсова и Афродита Кики) беа иницирани и инспирирани од охридскиот природен и културен амбиент, концентрирајќи се на пејзажното сликарство. Нивните реалистички, експресионистички, асоцијативни и апстрактни третмани на пејзажот, на изложбава и понудија една богата и разновидна колоратура на нивната емотивна перцепција и рецепција на амбиентот во кој твореа. Освен застапеноста на пејзажното сликарство, Александра Петкова Гианели се презентира со фигуративно стилизираните, тенденциозно наивистички моделираните профани портрети, како и ликови од иконописната македонска тардиција. Миодраг Вукиќ и Брацо Азариќ се пртставуваат со сосема различен приод и сликарски третман на мртвите природи. Наспроти сликите на Вукиќ во кој се препознава стегнатиот и сладникав фигуративен сликарски приод, Азариќ ни ја манифестира својата слободна, топла вибрирачка колоратура, карактеристична за колажираната реалистичко-експресионистичката поетика. Фрагментираните балетски артефакти присутни во двете слики на Даниела Илиевска се трансферирани во нејзината трета. заокружена слика, која реферира на митолошката концепција, т.е. на македонскиот балет „Охридска легенда“. Како далечна асоцијација на оваа легенда, ни се наметнува и поетиката на делото на Малиданов „Јато“ која ја восприемаме како подводна балетска кореографија на охридскиот подводен свет. Јана Јакимовска, во своите топли, колористички обоени, апстрактни слики, низ згуснатото, пастуозно третирање на текстурата, ни реферира на еден сегмент од културната, т.е. од етно-традицијата на Македонија. Валентина Илиевска, во своите три дела (од кои по еден диптих и триптих) со играта на елементите и стилското колажирање меѓу своевидниот минимализам и гестуалното сликарство, ја создава апстрактната мапа на својата поетика.

Оваа колонија, единствена од ваков вид во државата, има претензии постапно да израсне во манифестација која ќе ја подигне уште повеќе свеста на јавноста за положбата и потребите, но и за потенцијалите на лицата со телесен нвалидитет, кои можат да дадат голем придонес за општеството, каков што е најновиот случај со златната параолимпијка во стрелаштво, Оливера Наковска-Бикова.“

Изложбата беше следена од бројни новинари, а првиот канал на Македонската телевизија имаше воспоставен директен линк за време на ударниот вечерен Дневник.

*Б.Јовановски*

## ОДБЕЛЕЖАН 4 ДЕКЕМВРИ – ДЕНОТ НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

Годинава, одбележувањето на 4 декември – денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, со масовно присуство на членови од сите општински и меѓуопштински здруженија здружени во „Мобилност Македонија“ се одржа на 4.12.2012 година во Кочани.

На одбележувањето присуствуваше градоначалникот на општина Кочани, г. Ратко Димитровски, кој во својот поздравен говор ја истакна соработката со „Мобилност Кочани“ и заедничките проекти за подобру-



вање на животот на лицата со телесен инвалидитет на територијата на општина Кочани.

Претседателот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет – Мобилност Македонија, Бранимир Јовановски, му се заблагодари на градоначалникот на Кочани за неговото присуство на одбележувањето на овој значаен ден за лицата со телесен инвалидитет на Македонија, бидејќи токму на овој ден 1986 година е формиран сојузот. Потенцирајќи дека во изминатиот период беа покренати бројни иницијативи за подобрување на животот на лицата со телесен инвалидитет во Македонија, претседателот пред повеќе од 200 присутни членови го афирмираше започнувањето на примањата на додатокот за мобилност со сите перипетии и проблеми кои во практика го отежнаа остварувањето на ова право за лицата со 100% телесен инвалидитет кои за движење се користат исклучиво со инвалидска количка. Во преговорите со институциите на државата, но и во општата комуникација, сè уште силно се чувствува недоволно изградената јавна свест за сфаќањето на потребите на лицата со телесен инвалидитет.

Собранието на Република Македониај пред точно една година ја ратификуваше Конвенцијата на ОН за

правата на лицата со инвалидност. Целта на Конвенцијата е унапредување, заштита и обезбедување на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на лицата со инвалидност, како и унапредување на почитување на нивното вродено достоинство. Според Конвенцијата, лица со инвалидност се оние лица со долготрајни физички, ментални, интелектуални или сензорни нарушувања, кои во интеракција со различни пречки може да ја спречат нивната целосна и ефикасна



застапеност во општеството на еднаква основа како и другите, преку почитување на вроденото достоинство, индивидуалната автономност, вклучувајќи и слобода на свој избор и независност на лицата со инвалидност, недискриминација, целосно и ефикасно учество и вклученост во општеството, почитување на разликите и прифаќање на лицата со инвалидност како дел од човековата различност и човештвото, еднакви можности, пристап, рамноправност меѓу мажите и жените, почитување на развојните можности на децата со пречки во развојот и почитување на правото на децата со пречки во развојот за зачувување на својот идентитет.

За жал, сè уште поприсутно е сфаќањето на инвалидноста според медицинскиот модел, иако Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност го претпочита социјалниот модел на инвалидноста.

Медицинскиот модел на инвалидитет е направен врз основа на концептот за болест, дијагноза и неспособност. Според медицинскиот концепт лицата со инвалидност се дефинираат според нивната болест или медицинска состојба. Со ова им се одземаат правата: медицинските дијагнози се користат за регулирање и контрола на општествените бенефиции, домување, образование, активности во слободно време и вработување. Медицинскиот модел го промовира гледиштето за лицата со инвалидност како зависни и тие на коишто им е потребно лекување или грижа и го оправдува начинот на кој систематски се исклучуваат инвалидните лица од општеството. Според медицинскиот модел проблем се лицата со инвалидност, а не општеството. Контролата им е препуштена на стручни лица; изборот за лицата е ограничен на можноста што ја нуди и одобрува стручното лице што му „помага". Поне-





когаш медицинскиот модел се нарекува „индивидуален модел" зашто лицата со инвалидност се поединци што треба да се приспособат на начинот на којшто е изградено и организирано општеството; нема никаков предлог самото општество да се смени. Според тоа, лицата со инвалидност се целосно зависни од лекарите, терапевтите, социјалните работници и другите стручњаци, како и од оние што се грижат за нив.

Социјалниот модел го развија самите лица со инвалидност како реакција на медицинскиот модел и

влијанието што го има врз нивниот живот. Според социјалниот модел, општеството во коешто живееме го создава инвалидитетот и не е „вина“ на лицата со инвалидност или, пак, последица од нивните ограничувања. Инвалидитетот претставува производ на физички, организациски и бариери во ставовите што се присутни во општеството, а коишто доведуваат до дискриминација. За да се отстрани оваа дискриминација потребна е промена во пристапот и размислувањето на начинот на кој општеството е организирано. Социјалниот модел ги зема предвид лицата со инвалидност како дел од нашето економско, еколошко и културно општество. Бариерите кои спречуваат кој било поединец да има дел во општеството претставуваат проблем, а не лицата. Вакви бариери сè уште постојат во образованието, системите за информација и комуникација, работната средина, службите за здравство и социјална помош, транспорт, домување, јавни згради и објекти. Обезвреднувањето на лицата со инвалидност преку негативните слики во медиумите – филмовите, телевизијата и печатот – исто така претставува бариера. Социјалниот модел е развиен со цел да ги отстрани бариерите за да можат лицата со инвалидност да ги имаат истите можности како сите други луѓе за да го определат својот животен стил. Со него во основа се менува начинот на кој се размислува за инвалидитетот и се поттикнува усвојување на национална регулатива за национална антидискриминација во неколку земји во светот. Според тоа, Преамбулата во Конвенцијата вели дека инвалидитет претставува „концепт кој еволуира“ и е „резултат на интеракцијата меѓу лицата со инвалидност и бариерите во ставовите и средината кои го попречуваат нивното целосно и ефикасно учество во општеството на рамноправна основа со сите други“. Оваа формулација, како и целата Конвенција овозможува натамошно ревидирање и разгледување на концептуалната рамка; некои организации за лицата со инвалидност и академски кругови иницираа дебата и сметаат дека движењето надвор од „социјалниот модел“ е релевантно со оглед на тоа дека се работи за развој на моделот за „човековите права“ кај инвалидните лица, што е сосема во согласност со Конвенцијата. Сите овие движења повлекуваат сериозни социјални и културни промени и бараат законски реакции. Во многу земји, меѓу кои и во Република Македонија, е усвоена правна регулатива за инвалидитет со која дискриминација врз основа на инвалидитет е незаконска и во која се бара еднаков третман со отстранување на сите бариери во околината, вклучувајќи ги ставовите и компензација за недостатоци поврзани со инвалидитет преку техничка и лична помош, вклучувајќи помош од колеги и овластувања за лицата со инвалидност.







Во натамошниот тек на одбележување на Денот на лицата со телесен инвалидитет, претседателот на „Мобилност Кочани“, Горан Војновски, им додели благодарници на членови и институции кои дале свој придонес и оставиле неизбришана трага во успешното 20-годишно работење на „Мобилност Кочани“. Средбата заврши со песна и оро во прекрасен амбиент, за кој се погрижија музичарите од Кочани.

*Б. Јовановски*

# ОБНОВИТЕЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ЗА 400 ЛИЦА ГОДИШНО

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија достави барање до Владата на Република Македонија за одобрување на проект за обновителна рехабилитација за 400 лица со телесен инвалидитет годишно и најмногу 50 придружници, кој ќе се реализира преку Министерството за труд и социјална политика и „Мобилност Македонија“.

Владата на Република Македонија беше запознаена дека „Мобилност Македонија“, како доброволна, општествено-хуманитарна и национална организација на лицата со телесен инвалидитет на Република Македонија ги претставува и застапува лицата со телесна инвалидност и нивните интереси во комуникација со државните органи во Република Македонија и на меѓународно ниво. Во „Мобилност Македонија“ доброволно се здружени 17 општински и меѓуопштински инвалидски организации со вкупно 7.200 членови кои имаат пречки во



мобилноста поради телесна инвалидност предизвикана од: параплегија, дистрофија, ампутација на екстремитет, детска парализа, церебрална парализа, мултиплекс склероза и други невромускулни или коскени заболувања, со зачувани ментални способности.

Покрај другите промени во животните навики и однесувања на лицата со телесен инвалидитет, овие оштетувања придонесуваат истите да го редуцираат своето движење, да бидат подложени на подолготрајно седење или лежење, кое, пак, неминовно доведува до потполна атрофија на мускулатурата на оштетениот екстремитет (или екстремитети), како и драстично намалување на кондицијата на преостанатата мускулатура и комплетно физичко слабеење на единката, особено кај младите лица кои сè уште не го завршиле потполниот телесен развој. Физичката неактивност придонесува и до слабеење на други органски системи, пред сè кардиоваскуларниот, така што лицата со телесен инвалидитет се подложни на зголемен ризик од кардиоваскуларни и респираторни заболувања.

Заради сочувување и подобрување на својата здравствена состојба и намалување на ризикот од кардиоваскуларни и респираторни болести, лицата со телесен инвалидитет имаат потреба од континуирана обновителна рехабилитација во бањско-климатските центри.

Многу често ова потреба од обновителна рехабилитација за лицата со телесен инвалидитет се поистоветува со бањско-климатското лекување, како продолжено болничко лекување. Тоа не е точно, ниту, пак, лицата со телесен инвалидитет имаат потреба да лежат во болница и да прават дополнителни трошоци во системот на здравството за подоцна да бидат упатени на бањско-климатско лекување. На лицата со телесен инвалидитет им е потребна обновителна рехабилитација секоја година, а не продол-



жено болничко лекување. Потребна им е континуирана и стручно спроведена обновителна рехабилитација како систем да им се овозможи на телесно инвалидизираните лица преку програмирани вежби во бањско-климатски лекувалишта за да ја подобрат својата здравствена состојба, за да се рехабилитираат и социјализираат.

Владата на Република Македонија јасно ја декларира грижата и заштитата на пензионерите спроведувајќи мерки кои им овозможуваат достоинствен, стабилен и посреќен живот меѓу другото и со проектот кој се реализира преку Министерството за труд и социјална политика за бањско-климатска рекреација на 10.000 пензионери годишно.

„Мобилност Македонија“ се обрати со молба и барање на сличен начин како и за пензионерите, да ја декларира грижата и заштитата на лицата со телесен инвалидитет предизвикана од: параплегија, дистрофија,

ампутација на екстремитет, детска парализа, церебрална парализа, мултиплекс склероза и други невромускулни или коскени заболувања, спроведувајќи мерки кои ќе им овозможат достоинствен, стабилен и посреќен живот со проектот за обновителна рехабилитација за 400 лица со телесен инвалидитет годишно и најмногу 50 придружници, кој ќе се реализира преку Министерството за труд и социјална политика и „Мобилност Македонија". Проектот би се реализирал во правни лица регистрирани за вршење на услуга за бањско-климатско лекување со коишто Министерството за труд и социјална политика ќе склучи договор. Услугата на обновителната рехабилитација за лицата со телесен инвалидитет би опфаќала: 14 полни пансиони (ноќевање со три оброка дневно), бањска терапија, еден задолжителен здравствен преглед и трошоци за превоз во висина на повратна автобуска карта од местото на живеење на корисникот до установата во којашто ќе се користи услугата на обновителна рехабилитација.





Се надеваме дека Владата на Република Македонија позитивно ќе одговори на нашето барање и дека во најскора иднина ќе се реализира оваа суштинска потреба за лицата со телесен инвалидитет.

*Б. Јовановски*

## ПОБАРАНО ТОЛКУВАЊЕ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА НА УКИМ

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија побара од Ректоратот на УКИМ – Скопје толкување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, објавена во „Универзитетски гласник" бр. 199 од 3.2.2012 година со која во член 5 се носи измена со која се вели: „Во членот 322, став 2, зборовите ‚да студираат без плаќање партиципација и кофинансирање на студиите се заменуваат со зборовите: „на дополнителни испитни рокови за завршно оценување".

Дел од нашите членови се во период на оформување на своето образование на некој од факултетите во состав на УКИМ и од пред извесно време се најдоа засегнати од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на УКИМ објавена во „Универзитетски гласник" бр. 199 од 3.2.2012 година.

Имено, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 29. седница одржана на 28.12.2010 година, на 35. седница одржана на 23.6.2011 година и на 38. седница одржана на 30.11.2011 година, донел Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, објавена во „Универзитетски гласник" бр. 199 од 3.2.2012 година со која во член 5 се носи измена со која се вели: „Во членот 322, став 2, зборовите, да студираат без плаќање партиципација и кофинансирање на студиите се заменуваат со зборовите: „на дополнителни испитни рокови за завршно оценување".

Со оглед на тоа дека во овој член се зборува за ослободување од обврската за плаќање партиципација и кофинансирање на студиите, а не за испитни рокови, оваа измена доведе повеќе наши членови до забуна и нејаснотија за што всушност се однесува? Дали со истата им се укинува правото да студираат без плаќање на партиципација и кофинансирање на студиите, со што се кршат одредбите од Законот за високото образование од член 87, став 3, каде што се вели дека: Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за деца без родители, лица од прв и втор степен на инвалидност, воени инвалиди и лица растени во домови за напуштени деца, или, пак, измената се однесува на некој друг член од Статутот на УКИМ, а по грешка е наведен членот 322, став 2? Секако, очекуваме позитивен одговор во корист на нашите членови, особено што учебната 2012/2013 година ниеден наш член немал проблем со остварувањето на правото на студирање без плаќање партиципација и кофинансирање на студиите.

*Б. Јовановски*

# КОРИСТЕЊЕ НА ОБЕЛЕЖАНИТЕ ПАРКИНГ-МЕСТА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ ВО СКОПЈЕ

Поттикнати од се почестите јавувања на нашите засегнати членови, „Мобилност Македонија" се обрати со молба до ЈП „Градски паркинг" – Скопје и до Советот на Град Скопје да ја разгледа нашата иницијатива и да донесе измена на Одлуката со која на обележаните возила на лицата со инвалидност од територијата на Република Македонија ќе им се дозволи користење на обележаните паркинг-места за лица со инвалидност под исти услови како и за лицата-жители на градот Скопје.

Советот на Град Скопје има донесено Одлука за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје во која член 29 гласи:

(1) Организаторот на паркирањето, во зависност од капацитетот на паркиралиштето, е должен да утврди и соодветно да обележи (резервира) места за паркирање на возила на лица со инвалидитет.

(2) Организаторот на паркирањето ги утврдува категориите на лица со инвалидитет кои можат да користат резервирани паркинг-места и условите за паркирања на нивните возила.

Нашите членови, жители на градот Скопје, благодарение на разбирањето и соработката меѓу Здружението на лица со телесен инвалидитет на град Скопје – Мобилност Скопје и Советот на Град Скопје преку ЈП „Градски паркинг" – Скопје, ја користат оваа бенефиција и можност за користење на обележаниот паркинг-простор за лицата со инвалидност. Градот Скопје при носењето на одлуката за обележување на места за паркирање на возила на лица со инвалидност правилно ја согледал ограниченоста на радиусот на движење на лицата со телесна инвалидност предизвикана од степенот на нивното оштетување, додека при носењето на одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за користење на паркинг-местата правилно ја согледал тешката материјална положба на овие лица кои спаѓаат во редот на маргинализирана група на граѓани, обично невработени и со зголемени месечни трошоци за превоз, бидејќи не можат да користат алтернативни превозни средства освен сопствените автомобили.

Меѓутоа, градот Скопје како најголем град во Република Македонија, претставува административен, политички, стопански, културен, здравствен и образовно-научен центар. Поради тоа, од најразлични причини, а пред сè здравствени или административни, нашите членови од внатрешноста на Република Македонија секојдневно пристигнуваат во Скопје со своите возила и иако со иста и еднакво тешка физичка состојба, не им е дозволено да ги паркираат своите возила на обележаните паркинг-места за лица со инвалидност, дури во некои случаи возилата им биле кренати од Пајак-






службата и биле принудени да го платат надоместокот за користењето на специјалното „пајак-возило" за да си го преземат своето возило. Ова не е случај во другите градови од внатрешноста на Република Македонија (на пример во Битола, Охрид, Куманово...) каде што лицата со телесен инвалидитет своите обележани возила можат да ги паркираат на места обележани за паркирање на возила на лица со инвалидност без оглед на регистарската табличка и градот во кој истото е регистрирано.

Се надеваме дека нашето барање ќе наиде на потполно разбирање од надлежните институции од Град Скопје и ќе се донесе измена на Одлуката за јавните паркиралишта од значење за градот Скопје во корист на лицата со телесен инвалидитет.

*Б. Јовановски*

# РАТИФИКАЦИЈАТА И КАКО ПОНАТАМУ

Долги децении водиме битка за остварување на нашите права како маргинализирана група во општеството, а сè со цел да се изедначиме во положбата со сите граѓани и да ги реализираме со Устав загарантираните права кои ни следуваат како лојални граѓани на оваа држава. Премногу е тешко да објаснуваш секојдневно дека ние не бараме некои посебни права туку само да бидеме рамноправни со сите други и дека треба државата само да ни помогне со цел да се премости јазот што се создал меѓу нас и „нормалните" луѓе предизвикан од болест или некој несреќен случај. Нам на телесните инвалиди ни требаат само услови и помагала за да можеме без пречки да функционираме и да си ги задоволиме животните потреби кои, пак, не се ништо поразлични од потребите на секое живо суштество на оваа планета. И зарем тоа е нешто ексклузивно или отповеќе?

Зошто го велам ова? Па своевремено не така одамна поведовме иницијатива пред најодговорниот ресорен министер за повторно враќање на еднаш веќе освоената придобивка за ослободување од данок при набавка на патнички возила. Нам возилата ни се неопходни за да можеме да ги извршуваме сите наши животни потреби и без возило телесниот инвалид е уште повеќе ограничен во движењето. Затоа не често истакнуваме дека возилото за нас не смее да се гледа како луксуз и дека тоа е исто како и ортопедско помагало. Одговорот на министерот беше дека со тоа ќе сме биле повластени и сите други граѓани ќе биле во нерамноправна положба – значи таквиот закон би бил неуставен. А каде е уставноста и рамноправноста кога најголемиот дел од телесните инвалиди и сите други лица со инвалидност не се во можност да се користат со градскиот превоз? Како ќе ни се објасни фактот дека не можеме да се качиме во возилата од јавниот сообраќај а имаме исто право да ги користиме како сите други граѓани, како ќе ни се објасни тоа дека многу од нас не можат да стигнат до постојката на јавниот превоз или дека нема лифт на ниту една железничка станица и дека сосем мал број автобуси се приспособени за потребите на оваа категорија на граѓани а и тие скоро сите ако не и апсолутно сите се во главниот град, а лица со инвалидност има насекаде.

Во контекстот на ова сакам да дадам уште еден пример. По долги убедувања конечно државата донесе пропис со кој им овозможи бесплатен јавен превоз на најтешките инвалиди. Одлично, ќе речете. Ама... во практика не функционира. Тие лица кои имаат право на оваа повластица не се во можност да го користат правото од истите тие причини наведени погоре. Нема автобуси и возови каде што лице со телесен инвалидитет кое е во количка ќе може да се качи самостојно, а оние лица со помал процент на инвалидност а сепак подвижни немаат такво право поради ригидноста на прописот кој правото го ограничил само на најтешките инвалиди. Вака добивме право кое е неостварливо.

Државата согледувајќи ја нашата потреба од мобилност и потешкотиите со кои се соочуваме секојдневно во животот за да ги надомести трошоците поврзани со нашето движење ги измени прописите и воведе право на користење на додаток за мобилност и слепило. Ова е значителен напредок во однос на нашите права, меѓутоа и овие прописи се доста ригидни. Ова право можат да го користат само лица трајно врзани за употреба на инвалидска количка и 99% слепи. А зарем само тие лица имаат потешкотии со мобилноста? Што е со оние лица што не се во инвалидски колички а сепак се тешки инвалиди со процент на инвалидност од 80% или повеќе? Зарем овие лица не се работно и животно активни и зарем тие немаат трошоци сврзани со нивната ограничена мобилност? Зарем не требаше државата да направи градација и во неколку групи на инвалидност да го исплатува овој додаток по овој редослед: 100% инвалид трајно врзан за користење на инвалидска количка да добива 7000 денари; 90% телесно инвалидно лице а не користи количка да добива 3000 денари и крајно лице со 80% инвалидност да добива 1000 денари месечно надомест. Ова решение е далеку поправично од сегашното и ќе задоволи потреби на поголем број на лица со инвалидност. Се разбира сумите овде се наведени само произволно дадени како пример но потребата е евидентна и државата кога-тогаш ќе мора да размисли за проширување на ова право а не како досега соочувајќи се со тешкотии во спроведувањето сосема да го укине.

Бизарен е случајот со правото за набавка на ортопедски помагала. Државата одредува со Правилник кои помагала може да ги користи инвалидизираното лице. Одреден е минимален стандард кој треба да го исполнуваат овие помагала, материјалот од кој е изработен и референтната цена која ќе биде на товар на Фондот. Тоа е во ред и така треба да биде. Нашата борба и заложба е да се подигне и квалитетот и референтната цена со цел да добиеме поквалитетни и посовремени помагала. Меѓутоа, како да се објасни ограничувањето што државата ни го наметнува и упорно не дозволува со доплата да може некој од нас доколку е во можност да си набави посовре-

мено и поквалитетно помагало. Државата ќе плати колку што одредила за тој вид на помагало со Правилникот, а остатокот е на товар на корисникот доколку е во состојба да плати. Бизарно е оправдувањето на Фондот кој одбива да ни го овозможи ова наше право со образложение дека на овој начин не штител од можни злоупотреби на претпријатијата кои ги изработуваат и набавуваат помагалата. Зарем ние самите не знаеме што ни треба и како да се заштитиме? Што губи тука државата? Зошто и за ова неспорно право мора да се има безброј укажувања допишувања и цинични бирократски одговори и образложенија а резултат да нема? Овој пример намерно го истакнувам со цел да се види какви лавиринти не чекаат во усогласувањето на прописите со одредбите на Конвенцијата и каква е логиката на нашата бирократија.

Ова се само поединечни примери кои кажуваат многу за состојбата на лицата со инвалидност во нашата држава. Да не споменувам и тоа дека имаме право да се вработуваме само во заштитни трговски друштва како во некои гета каде што сме изолирани. А каде е нашето право за вработување во јавните установи, односно јавниот сектор? Зарем лице со инвалидност може и мора да работи само во изолирани работни средини – заштитни работилници? Зарем нема доволно знаење и работна способност да биде службеник а да ги користи сите поволности кои ги дава Законот за вработување на инвалидни лица? А токму во таа насока се и начелата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност.

Кога веќе се спомена оваа Конвенција главната причина за која сакам да ги изнесам моите размислувања во оваа колумна е токму таа. Долго време водевме тешка и понекогаш мачна борба со државата да се ратификува оваа Конвенција како база од каде што ќе почне системски да се решаваат проблемите за лицата со инвалидност. Со спроведувањето на начелата од оваа Конвенција би требало еднаш за секогаш да се напушти досегашниот концепт на државата за решавање само на парцијални проблеми со поединечни прописи и само од време на време во зависност од потребите на државата а не од потребите на крајните корисници – лицата со инвалидност. Конечно треба да се изработат критериуми решенијата да бидат во согласност со потребите на лицата со инвалидност за кои се наменети. Државата секако дека ќе дава согласно со своите моментални можности ама она што ќе се направи мора да е применливо во практика и да има строга контрола на спроведувањето, за да се избегне можноста за ограничување или одземање на правата поради неправилности и злоупотреби во користењето. Со таков изговор го изгубивме правото за набавка на возила без плаќање на данок. Ние сме свесни дека државата не е толку моќна да ги реализира повеќето наши барања во согласност со Конвенцијата, па затоа понудивме разумен Акционен план за реализација на правата на лицата со инвалидност кои произлегуваат со Конвенцијата.

Конечно, по долго време и одржани трибини и работилници и по спроведени повеќе проекти конечно дочекавме државата да ја ратификува Конвенцијата со што таа стана дел од нашиот законодавен систем. Сега со ратификацијата судовите се должни да ја применуваат Конвенцијата во правораздавањето како извор на право, односно да ја спроведуваат непосредно како Закон во области кои не се регулирани со пропис. Друго е прашањето колку судовите и судиите се обучени за непосредната примена на конвенциите и меѓународните договори бидејќи знаеме дека кај нас многу се ретки случаите кога судовите применуваат директно одредби од конвенции.

Конвенцијата се ратификува! Еуфорија! Конечно по толку време го добивме фундаменталниот пропис од кој ќе тргнува се друго во реализацијата на нашите права. Потоа... молк. Ништо. Барем таков е мојот впечаток. Одеднаш како се да се реши со тоа и како да нема повеќе проблеми со овие лица. Државата задоволна – ја ратификува Конвенцијата и се намалија тензиите и се релаксира. Ние сите ни во рај ни во пекол – се наоѓаме во состојба на нешто помеѓу, односно во лимбо (место каде што одат душите на некрстените деца). Како сега да се оттргнеме од оваа неприродна состојба на летаргија? **Што потоа?** Тоа сега е најважното прашање на кое ќе мораме ние самите да дадеме одговор. Како да ја одбегнеме замката на некои балкански држави каде што исто така е ратификувана Конвенцијата ама работите не тргнале од мртвата точка. Според моите сознанија таква е состојбата во Бугарија која е и членка на ЕУ, слично е со Босна и Херцеговина, Хрватска...

Сега претстои период на големи залагања и мачна работа за усогласување на нашите прописи со одредбите на Конвенцијата. Државата ќе сака да даде што е можно помалку а ние ќе сакаме да добиеме што повеќе. Реално е да се најдеме некаде на половина од двете опции, но колку ќе добиеме ќе покаже времето. Не секогаш реализацијата на правата е поврзана со големи пари туку и со разбивање на стереотипите и заблудите. Паралелно ќе треба да се работи и на пропагирање во јавноста на она за што се залагаме за да не дозволиме да се пласираат

мислења од типот: барате да бидете над другите граѓани и вашите барања ќе доведат до неуставни прописи. Секако постои наша обврска да се приспособуваме и на моменталната положба во државата имајќи предвид дека не се работи за богата држава.

Основно сега е да се прифати еден Акционен план за реализација на правата од Конвенцијата. Таков план е изработен уште при кампањата која ја водевме за ратификација на Конвенцијата и притоа планот го усогласивме со реалните можности на државата предвидувајќи колку-толку реални парични средства за реализација и најдобро од сè оставивме оние најскапите проекти да се реализираат најдоцна со предвидени подолги временски рамки. Всушност, ништо не е скапо ако се знае дека сега вложените парични средства многукратно ќе се вратат на други места затоа што превентивно ќе се дејствува и сега вложени средства за вградување на пристапни рампи и лифтови во зградите и другите јавни објекти во иднина нема да предизвикува огромни средства за нивно приспособување. Приспособувањето секогаш ем е поскапо ем е половично. Дадените пари за рехабилитација и спречување на болести кај инвалидните лица во иднина нема да повлечат огромни парични средства за нивно лекување со неизвесна судбина и краен исход. Превентивното дејствување во многу области значи и создавање помал број на нови лица со инвалидност.

Клучно прашање во овој момент е како сега ние да се наметнеме како партнери на државата при усогласувањето на прописите во оваа област со одредбите на Конвенцијата. Што треба да се направи за државата токму нас да не перципира како партнер во овој процес. Ние имаме големи предности со тоа што сме репрезентативни претставници на голем број лица со инвалидност. Имаме добро организирани здруженија колку-толку опремени со технички средства и колку-толку обучени лица за воспоставување на меѓусебна комуникација благодарение на нашето визионерство и опремување со компјутери на сите здруженија. Имаме долгогодишно искуство во работата со лицата со инвалидност, ги знаеме нивните потреби и начинот за решавање на проблемите. Имаме капацитет да ги извршуваме сите обврски кои ќе ни ги довери државата.

Недостаток е тоа што сме троми и тешко се приспособуваме на новите услови, сè уште сме необучени за работа со проекти особено слабост ни е што тешко ги изработуваме проектите. Имаме релативно мал број високостручни кадри благодарение на непристапноста на образовните институции за голем број телесни инвалиди а тие што ги имаме недоволно ги искористуваме. Недостаток е и мотивираноста на членството. Имаме голем број на регистрирани членови ама нивната мотивираност е мошне слаба. Мора да се работи на фокусирање на членовите кон целите на Сојузот и изнаоѓање на соодветни решенија. Слабост во последно време се и малите финансиски средства за реализација на обемните програми за работа кои се често само список на добри желби. Во иднина ќе мора да се изработуваат помали но остварливи и реални програми за работа со што ќе добиваме во ефикасност а ќе мора да ги обединуваме силите и капацитетите на повеќе здруженија при реализација на поголеми проекти. Недостаток е и недоволното познавање на странски јазици што не би требало да е особена пречка бидејќи во секое време можеме да побараме помош од волонтери и луѓе со добра волја. Повеќе ме загрижува тоа што немаме доволно лобисти во власта и во институциите на ЕУ бидејќи без нивна помош тешко оди реализацијата на кој било значаен проект.

Доколку нашите претставници во формираното Национално координативно тело успеат да ја убедат власта дека знаеме што бараме и знаеме како да го оствариме тоа мислам дека половина од работата ќе биде завршена во препознавањето на нас како сериозни партнери во креирањето на идните политики на државата во оваа област.

Доколку државата, односно институциите задолжени за примена на одредбите од Конвенцијата има искрена намера од корен да ги измени состојбите во оваа сфера и конечно да ја подобри положбата на лицата со инвалидност релативно лесно ќе се усогласиме иако често ќе имаме спротивставени становишта и позиции. Ако, пак, кон ова се пријде со намера што повеќе да се заштеди и скрати и само со козметички третмани да се нашминка грдото лице на оваа долго запоставена област, тогаш ќе треба да го избереме потешкиот пат. Потешкиот пат е и поскап и неизвесен, но ако сме присилени на тоа ќе мораме да го изодиме. Под тоа подразбирам поднесување на тужби до судовите со кои ќе бараме директна примена на одредбите на Конвенцијата и кога сите правни средства и инстанци ќе бидат искористени во нашата држава тогаш ќе се обратиме до судот во Стразбур кој е должен да ги штити човековите права. Тоа е долг мачен и скап пат, ама доколку барем еден случај го добиеме аналогно ќе повлече примена на многу слични и исти барања.

Другиот потежок пат е да си го искористиме и правото на протести ако нема друг начин да се реализираат некои права и отстранат очигледни кршења на нашите права. Да се надеваме дека на тоа нема да бидеме присилени.

За сите овие работи изнесени во овој текст ќе мораме многу брзо да почнеме да размислуваме и многу брзо да се соочиме со реалноста бидејќи пропуштеното после тешко се надоместува.

*Митко Фидановски*

# ОДРЖАНА ТРКАЛЕЗНА МАСА НА ТЕМА „ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ“

Во организација на УНДП и Министерството за труд и социјална политика, на 6.12.2012 година во хотелот „Холидеј ин“ се одржа тркалезна маса на тема „Политики и практики за вработување на лица со попреченост“, на која учествуваа претставници од Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Македонија, претставници на министерства, институции, здруженија на граѓани и други заинтересирани организации. „Мобилност Македонија“ на оваа тркалезна маса го претставуваа: претседателот Бранимир Јовановски, генералниот секретар Софка Прчева, Оливера Наковска-Бикова од Битола и Рубин Ристески од Прилеп.



Пред да започне работниот дел на тркалезната маса, присутните ги поздравија: г. Алесандро Фракасети, заменик постојан претставник на УНДП во Македонија, г. Ибрахим Ибрахими, заменик-министер за труд и социјална политика и Бранимир Јовановски, претседател на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Македонија. Модератори на тркалезната маса беа г-ца Милица Трпковска, вработена во УНДП и г-ѓа Силва Пешиќ, советник за човекови права на постојаниот координатор на ОН во Македонија.

Во работниот дел, презентација за националните политики и мерки за вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија имаше Слободанка Лазова-Здравковска, раководител на одделение за заштита и згрижување на лица со пречки во развојот при Министерството за труд и социјална политика. Таа во своето излагање ги образложи мерките и активностите кои државата ги донела преку Законот за вработување на инвалидни лица и подзаконските акти кои произлегуваат од него, а се однесуваат за вработување на лицата со инвалидност на пазарот на трудот.

Во натамошниот тек од тркалезната маса гостинката од Бугарија, Капка Панајотова, меѓународен експерт од областа на вработувањето на лицата со инвалидност, ја образложи состојбата со вработување на лицата со инвалидност во ЕУ, особено задржувајќи се на добрите политики и практики за вработување на инвалидните лица во Обединетото Кралство, Германија и Бугарија. Таа истакна дека инвалидните лица се најчесто два до три пати повеќе невработени отколку лицата што немаат инвалидитет. Тие исто така се невработени подолго време од другите и се соочуваат со поголем ризик да го изгубат своето работно место во споредба со другите. Околу 78% од лицата со инвалидните лица се целосно исклучени од работната сила. Најголем број од нив зависат од социјална помош за да можат да преживеат, па како резултат нивниот приход е значително помал во споредба со лицата без инвалидитет. Ова е наведено во декларацијата на Европскиот форум за инвалидитет (ЕДФ) за правата за вработување на инвалидните лица. Ова е случај и покрај обемната законска регулатива на меѓународно ниво, којашто не дозволува дискриминација врз основа на инвалидитет доколку една земја се смета за демократска.



Како меѓународен инструмент за правата на лицата со инвалидност ја посочи Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност посебно задржувајќи се на: разликата меѓу медицинскиот и социјалниот модел на инвалидитет – пристап, дефиниција и методолошки импликации, на човековите права и поддршка за инвалидните лица во споредба со грижа за инвалидните



лица, како и на одговорности на земјите потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност.

Во натамошниот тек на дискусијата Капка Панајотова се задржа на толкување на Европска директива за еднаков третман во вработувањето и занимањето, и даде општ вовед во политиката на вработувањето на лицата со инвалидност во ЕУ. Таа истакна дека и покрај обемната легислатива за вработување на инвалидните лица, тие сè уште се обесправени на пазарот на трудот во Европа. Заедничкиот извештај за вработување од 2003 наведува дека мерките што се преземени во минатото не успеале да го намалат јазот меѓу инвалидните лица и другите луѓе. Првите податоци што беа објавени за состојбата со инвалидните лица на пазарот на трудот (истражување на европската работна сила до 2002 ad hoc модул) покажуваат многу ниска стапка на учество во вработувањето: 78% од лицата со „тежок инвалидитет“ на работна возраст се наоѓаат надвор од пазарот на трудот во споредба со 72% од лицата без инвалидитет. Исто така, стапката на невработеност е двојно повисока за инвалидните лица кои бараат вработување. Интересно е тоа што истражувањето покажува дека меѓу вработените инвалидни лица, само 16% добиваат некаква помош на работа. Инвалидните лица се прилично исклучени од пазарот на трудот бидејќи почесто на нив се гледа како на цел за социополитички мерки отколку на потенцијален капитал на пазарот на трудот. Зголеменото учество на инвалидните лица на пазарот на трудот бара натамошни иницијативи за промена на ставовите. Со цел да се осмислат што поефикасни политики, потребно е оние што ги донесуваат одлуките да имаат поголемо познавање на проблемите. Ова може да се постигне со блиско партнерство со организациите на инвалидните лица. Инвалидните лица не претставуваат некоја хомогена социјална група, а политичките мерки често се насочени кон инвалидните лица во целина. Постои потреба повеќе да се земат предвид специфичностите на различните групи. Иако се важни мерките и активностите што се осмислени посебно за инвалидните лица, исто така е важно сите општи мерки кои имаат цел зголемување на вработеноста да ги земат предвид и потребите на инвалидните лица.

Академската мрежа на експерти за инвалидитет која обезбедува истражувања и анализа за Европската комисија за политички прашања, определи неколку индикатори за значењето на националните политики за вработување на инвалидните лица со меѓународните инструменти за човекови права. Еден од клучните показатели за усогласување со меѓународните закони за инвалидитет денес претставува недискриминацијата во вработувањето. Друг показател за релевантноста на националните политики за вработување на инвалидните лица е поврзан со јавните сервиси за вработување, потоа адаптации на работните места кои исто така се



сметаат за показател на еднаквиот третман на лицата со инвалидност во вработувањето. Финансиските субвенции покажуваат дека пристапот што го имаат националните влади има цел зголемување на стапката на вработеност кај инвалидните лица. Важно е да се знае каде и како се распределуваат средствата со цел да се обезбеди тие да се во поддршка на инвалидните лица на работни места, а да не се нарушат принципите за фер конкуренција на пазарот.

Капка Панајотова и Африм Илјази, локален консултант, ја анализираа состојбата со вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија, од нивен аспект го коментираа Законот за вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија, како и мерките од Националната стратегија за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија 2010-2018, поткрепувајќи ги анализите со статистички податоци за вработување и невработени лица со инвалидност во Република Македонија. Во рамките на нивното излагање беше потенцирана и меѓународната поддршка за вработување на лицата со инвалидност во Македонија. Меѓународните актери во Македонија како што се Обединетите нации, Европската Унија и големите меѓународни невладини организации ја дефинираат целта на нивните активности за постигнување на овие меѓународни стандарди со унапредување на можностите за вработување, залагање и изградба на капацитети на релевантните заинтересирани страни преку промовирање на мултисекторска и интеринституционална соработка. Тие исто така играат и идеолошка улога во воведувањето на модерни глобални вредности. Некои од проектите што поддржуваат вработување на инвалидни лица финансирани од ЕУ се следните:

– „Засилување на социјалната инклузија и инклузивен пазар на трудот“ претставува проект кој има цел да ги надгради постојните институционални капацитети со цел да се подобри осмислувањето и спроведувањето на политиките за социјална инклузија. Ова треба да се направи со зајакнување на капацитетите и вештините на релевантните заинтересирани страни преку промоција на мултисекторска и интеринституционална соработка. Основната цел на проектот е да се подобри ефикасноста и квалитетот на социјалните услуги за обезбедување пристап и олеснување на интеграцијата на ранливите групи на пазарот на трудот. Проектот посебно ја поддржува интеграцијата на инвалидни лица на пазарот на трудот. Ќе придонесе за зголемена вработеност на целната група членови и ќе го олесни нивното опстанување на пазарот на трудот со задоволување на посебните потреби и потенцијали на ранливите групи.

Проектот е организиран во три меѓусебно поврзани компоненти кои придонесуваат една на друга.

Компонента 1: Подобрување на професионалното знаење и вештини на лицата што се одговорни за социјална инклузија на обесправени групи на пазарот на трудот;

Компонента 2: Интеграција на инвалидни лица на пазарот на трудот;



Компонента 3: Подготовка за создавање на заедничка база на податоци.

Опфатот на проектот е во целата земја и тој ќе работи со професионалци и стручни лица поврзани со заинтересираните страни на полето на социјална грижа, социјална инклузија и вработување. Тоа се Министерството за труд и социјална политика, како и Агенцијата за вработување и центрите за вработување, Центарот за социјална политика и центрите за дневна нега, двете институции за социјални прашања и социјална политика, единиците на локална самоуправа и нивната асоцијација (ЗЕЛС), невладини организации и организации на инвалидни лица, работодавци, јавни и приватни претпријатија и заштитни друштва.

– Проектот „Соработка за еднакви можности за лицата со интелектуална попреченост“ се финансира со фондот ИПА на ЕУ за прекугранична соработка и трае една година (19.5.2011-19.5.2012) во соработка со бугарската невладина организација „Шанса“, Асоцијација на лица со интелектуална попреченост во Разлог и македонското здружение за лица со интелектуална попреченост „Порака наша“ од Куманово. Основната цел на проектот е да ја олесни интеграцијата на лицата со интелектуална попреченост на пазарот на трудот во Бугарија и Македонија со засилена соработка на вклучените институции и организации.

– Со поддршка на УСАУД, локалната организација „Моја кариера“ во партнерство со „Хендикеп“ од Тетово и „Порака наша“ од Куманово имплементира проект кој има цел зголемување на учеството на инва-

лидни лица во општеството и нивно вработување и економски можности со подобрување на нивните вештини за вработување преку приправнички активности и обуки и нивно учество во кампањи за јавна свест. Проектот има три основни компоненти:

Првата компонента има цел да обезбеди можности за стажирање и вработување за инвалидни лица во одбрани компании и локални јавни институции. Инвалидните лица ќе добијат обука за успешно да го завршат стажирањето. Менторите во компаниите и институциите што ќе примаат стажанти ќе бидат обучени да го препознаваат, оценуваат и правилно да го користат придонесот на инвалидните лица во своите организации. Професионални курсеви (на пример за маркетинг, финансии, сметководство и менаџмент),



како и советувања за бизнис и советодавни услуги ќе се обезбедуваат за инвалидни лица кои ќе започнат сопствен бизнис.

Втората компонента има цел да ги направи видливи проблемите со на инвалидните лица во приватниот сектор и заедницата. Со оваа компонента се планира да се подготват и поделат видеоспотови и друг промотивен материјал во кој ќе се претставаат најдобрите практики и успешно вклучување на инвалидни лица во процесот на стажирање.

Третата компонента на овој проект има цел да направи проектен советодавен одбор составен од инвалидни лица. Овој одбор ќе се формира со претставници од организациите на инвалидни лица со цел да се обезбеди нивно учество во спроведување на проектните активности. Советодавниот одбор ќе спроведува активности за лобирање со цел да ги направи креаторите на политиките и другите актери свесни за потребата од продуктивно вклучување на инвалидни лица во општеството.

Беше потенцирана улогата на граѓанското општество во вработување на инвалидни лица. Организациите на инвалидни лица претставуваат значајна заинтересирана страна во граѓанското општество за лобирање за правата на инвалидни лица и за обезбедување на соодветни услуги. Нивната улога е да ги лоцираат потребите и приоритетите, да учествуваат во планирање, имплементација и оценка на услугите и мерките што се однесуваат на животот на инвалидните лица и да придонесуваат за подигање на јавната свест и залагање за промени.

Имаше повеќе дискусии во однос на мерките и промените кои се потребни за подобрување на вработувањето на лицата со инвалидност во Македонија. Претседателот на „Мобилност Македонија“ особено го истакна истражувањето „Положбата на лицата со телесен инвалидитет на пазарот на трудот“ кое „Мобилност Македонија“ го спроведе во 2009 година со финансиска поддршка од УНИФЕМ за која цел беа анкетирани 508 лица со телесен инвалидитет од кои 209 жени и 299 мажи од целата територија на Македонија и 100 работодавци од три фокус градови: Тетово, Кавадарци и Штип. Од извршената анализа на состојбата подоцна е испечатена брошура. Целта на истражувањето беше да се дојде до релевантни податоци за можностите и пречките за вработување на лицата со телесен инвалидитет, нивните потреби од таа област, но и потребите на работодавците. Истражувањето според статистички податоци и разни укажувања, покажа дека вработувањето и работењето на лицата со телесен инвалидитет е најдобар начин за нивна целосна социјална интеграција, а за работодавците можност да добијат еднакво продуктивен работник.

Тркалезната маса заврши со констатација дека е очигледна потребата од одредени промени во легислативата од областа на вработувањето на лицата со инвалидност, меѓутоа на промената треба да и се пристапи внимателно со цел да не се изгуби заинтересираноста на работодавците за вработување на лицата со инвалидност, бидејќи согласно со статистичките податоци на Агенцијата за вработување постојат околу 393 регистрирани заштитни друштва кои вработуваат 3442 инвалидни лица. На оваа бројка вработени лица треба да им се додаде и бројката на лицата со инвалидност кои не се вработени во заштитните друштва, и која не е така мала, туку се вработени на отворениот пазар на трудот, а ги користат бенефитите од Законот за вработување на лицата со инвалидност.

*Б. Јовановски*

# ДОНАЦИЈА ОД „МАКПЕТРОЛ“

По повод одбележувањето на 65-годишнината на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Управниот одбор на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје донесе одлука со која се одобруваат средства за активности за одбележување на нивниот јубилеј и средства за донации.

„Макпетрол“ А.Д. – Скопје на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија во Охрид „Св.Еразмо“ донираше болничка постелнина и телевизори.



На Јавната установа детски дом „11 Октомври“ во Скопје, „Макпетрол“ А.Д. – Скопје донираше компјутери и комоди за дневниот престој.

Здружението за слепи лица од Скопје доби компјутери и картичка „верна“ за гориво во вредност од 40.000 денари.

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија од „Макпетрол“ А.Д. – Скопје доби верни картички за гориво во вредност од 90.000 денари.

По новогодишните празници, на 3 јануари делегација на „МАКПЕТРОЛ“ предводена од Јован Борозанов, директор на Дирекцијата за развој и инвестиции, беше во посета на нашиот сојуз а по повод донацијата од картичките „верна“ за гориво. При тоа претседателот на „Мобилност Македонија“ искажа огромна благодарност за донацијата и истакна дека: „*Со оваа донација „МАКПЕТРОЛ“ дејствува и потпомага во мобилноста на оваа група граѓани. Потребите што ги имаат членовите на „Мобилност Македонија“ врзани со специјалното комбе за превоз, се огромни и со помош на оваа донација значително ќе ги подобрат своите активности годинава*“.

Својата 65-годишнина „МАКПЕТРОЛ“ ја одбележа со горенаведените донации во согласност со своето дејствување како општествено одговорна компанија. Со овие донации „МАКПЕТРОЛ“ уште еднаш ја покажа својата хуманост и активно учество во сферата на општествената одговорност кон заедницата и потврди дека како и во минатото така и понатаму ќе биде поддршка на оние на кои најмногу им е потребно.

*С.П.*

## БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Како резултат на проектот „Следење на примената на Законот за бесплатна правна помош“ спроведуван од шест здруженија на граѓани во соработка и поддршка на Фондацијата Институт отворено општество – Македонија во 2011 и 2012 година, од 29 јануари оваа година стартуваше нов портал за бесплатна правна помош.

Името на порталот е „Пристап до правдата“ кој се залага за промоција на бесплатната правна помош и овозможува еднаков пристап до правдата за сиромашните граѓани и ранливите категории граѓани, односно има цел да го олесни пристапот до правдата на граѓаните.

Pristapdopravda.mk содржи упатства за начинот на остварување на правото на бесплатната правна помош, основни информации за најчестите правни прашања со кои се соочуваат граѓаните, како и опис на трошоците за водење на постапки во македонскиот правен систем. Содржи упатства за можностите кои им стојат на располагање на граѓаните во случаите кога поради слаба материјална положба не се во можност да водат постапки за остварување и заштита на нивните права, како бесплатна правна помош, ослободување од плаќање на судски такси и ослободување од плаќање на трошоци на постапката.

Порталот овозможува опција за директно поставување на прашања на кои ќе одговара тим од стручни и искусни правници. Наменет е за здруженијата и за граѓаните со потешка материјална положба и припадниците на ранливите категории граѓани.

*С.П.*

# „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ – УЧЕСНИК НА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА, СЕМИНАР, РАБОТЕН СОСТАНОК И ТРКАЛЕЗНА МАСА

Семинар на тема

**„Професионалната рехабилитација на лицата со инвалидност и лицата со намалена работна способност“**

Во организација на Министерството за труд и социјална политика и Федералното министерство за труд, социјални прашања и заштита на потрошувачите на Австрија, се одржа семинарот на тема „Професионалната рехабилитација на лицата со инвалидност и лицата со намалена работна способност“, на кој учествуваа претставници на „Мобилност Македонија“ и на кој беа презентирани европските и австриските искуства на ова поле.

На семинарот се дискутираше како и со какви мерки можат да се мотивираат работодавците и работниците со намалена работоспособност преку преквалификација и доквалификација да останат вклучени во работниот процес.

Семинарот го отвори министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, кој меѓу другото истакна: „Ова е добра можност да се видат другите искуства, бидејќи во Македонија е мал процентот на професионална рехабилитација на лицата кои имаат намалена професионална работоспособност и аплицираат за остварување на право на инвалидска пензија. Постојат стимулациски мерки, но реално тие многу малку се користат. Една од мерките предвидува во ситуација на конкретна повреда на работно место Фондот на ПИОМ цела година да му исплаќа на работникот, односно на соодветниот работодавец за да го стимулира да го преквалификува за да продолжи да работи на други работни позиции. Меѓутоа оваа можност не се користи и многу од граѓаните одлучуваат предвреме да се пензионираат, а работодавците не прават обид да ги преквалификуваат. Нашата цел е со дополнителни мерки и искуства да се мотивира вклучувањето на работникот кој има намалена работна способност во работниот процес. Тој посочи дека прашањето на инвалидност е прашање на право, а не прашање на проценка. Ова право е регулирано со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со кој се овозможува право на работникот да работи со скратено работно време на истата работа, право на промена на работното место и право на професионална рехабилитација“.

Претставникот на австриското федерално Министерство за труд, социјални прашања и заштита на потрошувачите, Геро Стулер, посебно ги истакна мерките коишто ги преземале на полето на професионалната рехабилитација на лицата со инвалидност и со намалена работна способност, бидејќи со тие мерки успеале драстично да го намалат бројот на предвремени пензионирања и со тоа извршиле позитивно влијание на пазарот на трудот во Австрија.

Инаку, беше презентиран податокот дека во Република Македонија 45.000 лица се корисници на инвалидска пензија, а на годишно ниво околу 5000 лица доставуваат барања за остварување на ова право.

*С.П.*



Работен состанок на тема

## Нацрт-ревидирана Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална исклученост 2010-2020

Во рамките на активностите на Министерството за труд и социјална политика за ревидирање и усогласување на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, со европските политики, мерки и индикатори, се одржа работен состанок на кој присуствуваа и претставници од „Мобилност Македонија“.

Целта на состанокот е разгледување и дискусија на Предлогот на ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020. На овој работен состанок учествуваа претставници на ресорни институции надлежни за спроведување на стратегијата, академски институции, здруженија на граѓани и други релевантни актери од значење за исполнување на целите на оваа стратегија.

Како дел од процесот на ревидирање на Стратегијата, а со цел дефинирање на идниот пристап и мерки, како и мониторинг-рамка на Стратегијата, се спроведе широк консултативен процес на локално и национално ниво со најрелевантните страни во процесот на намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост.

За таа намена, претходеа пет регионални работилници со локалните институции и организации, со цел да се согледаат проблемите и потребите на специфичните ранливи категории на граѓани, но исто така да се дискутира и изнајде модел кој ќе го поттикне спроведувањето на Стратегијата на локално и национално ниво. Паралелно со процесот на консултации на локално ниво, се спроведоа и низа состаноци и работни средби со претставници на ресорните министерства и институции, со цел да се согледаат потребите и трендовите за поцелисходно утврдување на мерките и активностите за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија. На тој начин, откако се анализираа прибраните податоци и информации, беше изработен првиот нацрт на ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020.

На работниот состанок, со цел постигнување на транспарентност и обезбедување на сеопфатност на планираните мерки, се дискутираше во однос на нацртот на ревидираната стратегија.

*С.П.*

Тркалезна маса

## „Дискриминација, состојби и предизвици“

„Мобилност Македонија“ со свои претставници учествуваше на тркалезната маса во организација на Институтот за човекови права на тема „Дискриминација, состојби и предизвици“. Целта на тркалезната маса беше да се истакне потребата од одржување на надзорна расправа во Собранието за имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација со цел формално разгледување на имплементацијата на законот и анализа за негово подобрување.

Претставниците на „Мобилност Македонија“ земаа учество во презентацијата на „Анализа за примената на Законот за спречување и заштита од дискриминација“ чија цел беше согледување на актуелните проблеми околу примената на законот. Анализата опфаќа воочени проблеми, нејасни и конфузни одредби коишто го прават текстот на предметниот Закон неразбирлив, збунувачки и непогоден за примена, како и укажува на потребата од одредени активности како на членовите на законодавниот дом така и од извршната власт со цел Законот целосно да се усогласи со националните и меѓународните стандарди во превенирање и заштита од дискриминација.

„Мобилност Македонија“ учествуваше и во панел-дискусијата на тема: „Актуелни проблеми околу примената на Законот за спречување и заштита од дискриминација и потребата од одржување на надзорна расправа во Собранието за истиот“. Во дискусијата земаа учество нашите претставници и за нивните презентирани состојби и реални проблеми со кои се соочуваат секојдневно, дискутираа присутните поканети учесници: пратеници, адвокати, судии, претставници од локалната самоуправа, народниот правобранител, како и претставници од граѓанскиот сектор, со единствена цел за неопходноста од за утврдување и градење на ефикасен механизам за промоција, гаранција и заштита на човековите права и слободи.

*С.П*

## „Социјална инклузија и интеграција на ранливите групи на пазарот на трудот“ и „Вклучување во пазарот на трудот – добри практики“

Претставници од „Мобилност Македонија“, во рамките на проектот „Поттикнување на социјалната инклузија и инклузивен пазар на труд“ се вклучени во мултисекторската и мултиинституционалната тематска група, која е одговорна за изготвување на Акционен план за вработување на лицата со инвалидност. Акциониот план ќе придонесе кон зголемување на нивната вработеност и ќе се потпомогне нивното задржување на пазарот на трудот, преку одговарање на специфичните потреби и потенцијали на ранливите групи.

Проектот „Поттикнување на социјалната инклузија и инклузивен пазар на трудот“ имплементиран во рамките на Министерството за труд и социјална политика, склучи меморандум за соработка со министерството, во кој двете страни се обврзуваат да преземат активности кои ќе придонесат кон поттикнување на социјалната инклузија, а со тоа и подобро и поефикасно вклучување на ранливите групи на пазарот на трудот.

Целта на проектот е да се подигне институционалниот капацитет заради подобрување на дизајнот и испораката на постојните политики за социјална инклузија. Ова ќе се изврши преку зајакнување на капацитетите и вештините на релевантно засегнатите страни и преку промоција на повеќесекторската и меѓуинституционалната соработка.

Исто така цел на проектот е подобрување на ефикасноста и квалитетот на социјалните услуги во поглед на обезбедувањето пристап и потпомагање на интеграција на ранливите групи на пазарот на труд.

Проектот ја поддржува интеграцијата на инвалидните лица на пазарот на трудот, зголемување на нивната вработливост и потпомагање на нивното задржување на пазарот на трудот преку одговарање на специфичните потреби и потенцијали. Ова се постигнува преку обуки чија цел е зајакнување на институционалниот капацитет и соработка помеѓу засегнатите страни, како на пример Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување, Заедницата на заштитни друштва, инвалидските организации и други релевантни институции.

*С.П.*

## Одржани XVIII-тите литературни

И годинава, XVIII-тите литературни средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија се одржаа во рамките на одбележувањето на 4 декември – ден на лицата со телесен инвалидитет. Домаќин на литературните средби беше „Мобилност Кичево“, а некаде во средината на програмата на одбележување на овој значаен ден за



лицата со телесен инвалидитет, започна презентацијата на најуспешните творби од нивните автори.

На конкурсот пристигнаа 11 творби од осум автори, и тоа: пет од Скопје, две од Прилеп, и по една од Охрид, Кочани и Гевгелија. И оваа година, селекцијата на творбите ја изврши нашиот повеќегодишен селектор, г-ѓа Весна Ацевска. Таа ги доби творбите за селекција под шифра, воопшто не знаеше за кој автор се работи и за својата селекција и забелешките за квалитет на творбите истакна:

„Разгледувајќи ги пристигнатите 11 песни на конкурсот на „Мобилност Македонија“, видливо е дека неколку автори/авторки читале и читаат поетски дела и од народната литература и од современата светска и македонска поезија. Читањето овозможува при пишувањето авторот да ја издигне песната од обичен запис на длабоко чувство или размисла и да се пренесе тоа преку фигуративен говор, односно преку говор во кој сликите, ритамот и звукот ги сугерираат емоциите и идеите, а атмосферата помага тие да се примат.

Во таа смисла, изненадува со фигуративноста песната „Мојот лик во кал“, со шифра „Зад аголот“, која го обработува мотивот на творештвото како можност за лет во височините, за придвижување од калта во која е потонат животот на многу луѓе, не само на инвалиди-

# средби во организација на „Мобилност Македонија“

зираните. Оваа песна е изведена целосно, со уедначен ритам и во заокружени строфи.

До неа се доближува песната „Поради тоа“, со шифра „Пикачу“, која се одликува со изградена структура и ритмика, во која фигуративниот говор е помалку буен, но не и помалку убедлив и вешто е развлечен на



платното на целата песна, при што таа завршува со убав обрт со кој она што е мачно и лошо во животот, иако е издигнато во споменик, всушност станува приклештено и засекогаш смраморено и затворено.

Песната „Љубена моја мила, љубен мил мој“, со шифра „373-595“, потсетува на познатата „Песна над песните“ од Библијата, од која црпеле инспирација мнозина автори. Во неа спокојно се опева љубовта меѓу мажот и жената и тоа е изведено со мера и со химничен тон.

За разлика од неа, песната „Болка“, со шифра „Балче“, е инспирирана од народната поезија, и тоа преку нејзината обработка од нашиот голем поет Коста Рацин. Таа е испеана со елегичен тон, но истовремено остава простор и за лековитост на големата душевна болка.

Како петта ја издвојувам песната „Во секој мој сон“, со шифра „Питон“, која се одликува со необична ситуација и неочекувано решение на крајот.

Следуваат „Забранета љубов“, со шифра „Бисер 1“, која обработува мотив што досега не бил присутен на конкурсите; „Камено срце“, со шифра „Ох-69“, на тема невозвратена љубов; „Благодарност“, со шифра „Бисер 2“, која ја воспева поддршката, толку потребна во животот; „Мост“, со шифра „Чудна ноќ“, во која е опеано чувството на крајна безнадежност; „Царство“, со шифра „Цар“, во која е интересно што се дава предност на тоа да се биде поетеса пред царица; „Дочекав“, со шифра „Дупликат“, која и дава предност на трпеливоста во животот.

Се чини дека авторите/авторките успеваат да навлезат во „тајните на занаетот“ што е вистинскиот клуч за влегување во уметноста на пишаниот збор“ – истакна Ацевска.



Додека авторите ги изведуваа своите дела, на видеобимот присутните можеа да се запознаат со кусите биографии на учесниците, нивниот мотив и инспирација да започнат да пишуваат поезија, како и за делата кои во минатото ги објавиле и наградите кои ги добиле.

Стручната комисија од Кочани навистина имаше тешка работа, и на крајот едногласно ги прогласија најуспешните литерати од редот на лицата со телесен инвалидитет од Македонија за 2012 година, и тоа:

– првото место и го доделија на Соња Ѓорѓиевска од Скопје за литературната творба „Мојот лик во кал“;
– второто место и припадна на Ана Додева од Кочани за литературната творба „Забранета љубов“ и
– третото место и припадна на Билјана Димова од Гевгелија за литературната творба со наслов „Чудна ноќ“.

Уредувачкиот одбор на „Феникс 86“ им честита на добитниците на наградите и ги охрабрува и повикува сите лица со телесен инвалидитет во Македонија кои имаат дарба за пишување и на кои убавиот пишан збор им е хоби или дури и професија да ги испратат своите творби на конкурсот кој ќе биде објавен за 2013 година.

*Б. Јовановски*

# Јубилеј 20 години „Мобилност Кочани“

Во рамките на одбележувањето на 4 декември – денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, кој годинава со масовно присуство на членови од градското, општинските и меѓуопштинските здруженија се одржа во Кочани, во ресторан „Кај Столе“, се одбележа и 20 години успешна работа и дејствување на „МОБИЛНОСТ КОЧАНИ“. Поздравен говор имаше претседателот на „Мобилност Кочани“, Горан Војновски, кој на членовите, присутни таму во голем број, им го честиташе дваесетгодишниот јубилеј, а на присутните претставници од другите здруженија, претставниците од Општина Кочани, Градоначалникот Ратко Димитровски, и претставниците на медиумите, им посака добредојде. Кратко обраќање имаше Градоначалникот на Општина Кочани, г. Ратко Димитровски, кој покрај тоа што уште еднаш ја потврди неговата лична заложба Кочани да биде место во кое лицата со телесен инвалидитет може да ги уживаат своите права како сите граѓани на општината, изјави дека е почестен што Кочани е градот во кој се случува централната прослава на 4 декември – денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, и ѝ подари „Жетварка“ – признание од Град Кочани на златната параолимпијка Оливера Наковска-Бикова за постигнатиот успех. За 4 декември и 3 декември – меѓународниот ден на лицата со инвалидитет – за се она што е постигнато и се она што допрва треба да се оствари, пред присутните говореше Претседателот на „Мобилност Македонија“, г. Бранимир Јовановски. По литературното читање, следеше кратка аудио и визуелна презентација на Алманахот – едноставен и краток документ во кој се забележани поважните активности, настани и резултати од дваесетгодишното постоење на „Мобилност Кочани“. Накратко во презентацијата беше споменато дека Здружението за лица со телесен инвалидитет Кочани беше основано во 1992 година во присуство на дваесетина делегати, за потоа од 1995 година да земе регионален карактер, и ова Здружение ги опфаќа и другите општини од регионот

# Традиционална новогодишна средба

Традиционално новогодишна средба во организација на здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“ и оваа година се одржа на 22.12.2012 година во прекрасниот амбиент на ресторанот „Бисера“ во населбата Аеродром, кој е со најадаптирани услови за лицата со телесен инвалидитет. На новогодишната средба присуствуваа гости од сите општински и меѓуопштински здруженија низ Македонија, како и гости, соработници и пријатели. На нашата забава присуствуваа околу 350 лица. Одличната атмосфера и прекрасната музика на групата „До-ре-ми“ ги забавуваше присутните.

На оваа манифестација на присутните им се обратија претседателот на Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет н Македонија – Мобилност Македонија, г. Бранимир Јованоски, како и претседателот на „Мобилност Скопје“, г. Дејан Ѓорѓиески, кој во своето обраќање ги поздрави присутните и им посака успеси во новата година. По традиција во рамките на новогодишната средба се прогласи и спортист на годината за 2012 година. Признанијата за најдобар спортист оваа година им припадна на нашите тројца најдобри спортисти: Олга Ристевска, Мирослав Бучевски и Трајче Стојановски. Признанијата и скромните подароци им беа врачени од нашата најдобра спортистка златната Оливера Наковска-Бикова која на параолимписките игри во Лондон го освои златото и не направи најгорда нација. Покрај признанија за најдобрите спортисти оваа година беа врачени и признанија за најбистрите умови на „Мобилност





– општините Виница, Берово и Делчево. Во 2011 година е ребрендирано во „Мобилност Кочани“ – Меѓуопштиско здружение на лица со телен инвалидитет на општините Кочани, Виница, Берово и Делчево. На дваесетгодишнината од неговото постоење ова здружение брои 340 членови. На самата презентација беа истакнати целите на здружението и поважните активности на Здружението што ги одбележаа изминатите 20 години работење и постоење. По завршувањето на презентацијата на сите присутни им беше доделен примерок од Алманахот, кој беше целосно финансиран од печатницата „Европа ’92“, а изработен од Даниела Гошева. На средбата беа доделени благодарници на сите заслужни членови на Здружението, на сите помагатели и соработници од страна на сегашниот претседател Горан Којновски. Чест ми е и задоволство да споменам дека тој ден пред сите присутни беше промовирана и книгата на нашиот член Ана Дедова со наслов „Охридски бисери“. Тоа е нејзиното прво поетско остварување, искрено се надевам не и последно. Од страна на стручната комисија беа прогласени победниците на конкурсот за поезија, и им беа доделени награди од „Мобилност Македонија“, од Општина Кочани и „Жанет Експорт“, додека пак на сите учесници што читаа поезија од Националната установа библиотека „Искра“ им беа доделени комплет книги. По ова започна културно-забавниот дел во кој сите уживаа. Настанот беше медиумски покриен од две локални телевизии и неколку веб-портали, а истиот ден на локалната телевизија се емитуваше едночасовна емисија посветена на лицата со телесен инвалидитет. Во целост земено одлично организирана прослава по повод дваесетгодишнината на „Мобилност Кочани“ благодарение на сестраното залагање на неколку членови на здружението и финансиската поддршка од „Мобилност Македонија“, се надеваме дека во иднина ќе имаме уште подобри и поквалитетни собири, прослави и работилници.

*Даниела Гошева*

Скопје“, победниците на републичкиот натпревар во знаење, членовите на екипата Скопје 1: Томислав Попов, Билјана Димовска и Владимир Дојчиновски.

На новогодишната прослава не удостои со свое присуство и кралицата Есма која беше дојдена со свои соработници од здружението „Кралицата Есма и Стево Теодосиевски“ со кое „Мобилност Скопје“ потпиша меморандум за соработка.

Прекрасната атмосфера и одличното расположение меѓу присутните беше очигледно. Дружењето не изостана, како и искрените желби за подобра и поуспешна 2013 година за сите. Еве дел од одличната атмосфера низ фотографии.

СРЕЌНА НОВА 2013 ГОДИНА!

*Елена Ѓурчиноска*



**Докторот Ви одговара**

Кажавме дека здравјето е најголемото богатство. Дефиницијата дека е отсуство на болест и социјална благосостојба се менува и трансформира. Суштината останува иста, а терминолошките дилеми иако мислите дека не Ве засегаат Вам, драги читатели, се лажете. По толку години не покажувате знаци на критично размислување, но си останавте критизерски настроени. Написите за тема или тематски написи ги поминавме. Поминавме дури и одделни заболувања и состојби. Пробавме да наметнеме темпо со кое ќе заинтригираме некого, но, за жал, тоа не се случи. Долго време, да не кажам цела вечност, нема писмо од читател. Ние во уредувачкиот одбор се согласивме дека интегрално ќе го објавиме секое писмо кое ќе го прати читател, со исклучок на оние што ќе содржат навредливи и некритични забелешки кои не смеат да се објават. Но дури ни такво нешто не стигнува од Вас.

Се надеваме дека сега на почетокот на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност нешто ќе тргне напред и ќе се разбуди Вашето его. Инаку, како што забележувате, ние ги објавуваме сите дописи кои имаат стручен и информативен карактер за лицата со инвалидност. Тука се и едукативните и статиите преземени од интернет, но и лични искуства со одредени категории на лицата со инвалидност. Сега, на прагот на остварување на некои права од Конвенцијата, јавете се за Вашите доживеани искуства или барања за совет за одредена ситуација. Ние сме тука да помогнеме колку што можеме.

Искрено Ваш,

прим. д-р *Нико Јанков*

# УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ВТОР ПРОЕКТ, ОДОБРЕН ОД СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, по објавениот јавен повик за проекти во областа на спортот од јавен интерес за Град Скопје за 2012 година, изработи и поднесе проект-турнир по повод 3 Декември. Проектот беше одобрен и финансиски потпомогнат со 10.000 денари од Градоначалникот на град Скопје, г. Коце Трајановски, и Советот на Град Скопје.



На 12 декември се почна со реализација на турнирот во стрелаштво на кој беа поканети и присуствуваа членови од здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“ и здружението на лица со телесен инвалидитет на Куманово „Мобилност Куманово“.

Турнирот во стрелаштво се одржа во просториите на ССРИ на Кисела Вода.



Натпреварувачите во фер и коректна атмосфера ги постигнаа следните резултати:

| Пласман | Име и презиме | Здружение | Кругови |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Новча Тодоровски** | **„Мобилност Куманово“** | **339** |
| **2.** | **Александар Јовановски** | **„Мобилност Скопје“** | **324** |
| **3.** | **Елизабета Тодоровска** | **„Мобилност Куманово“** | **303** |
| 4. | Димитар Боцев | **„Мобилност Скопје“** | 285 |
| 5. | Дејан Ѓорѓиевски | **„Мобилност Скопје“** | 267 |
| 6. | Имер Сефери | **„Мобилност Скопје“** | 262 |
| 7. | Ангел Џуковски | **„Мобилност Скопје“** | 260 |
| 8. | Тони Митровски | **„Мобилност Скопје“** | 251 |
| 9. | Олга Ристовска | **„Мобилност Скопје“** | 207 |

Судија на натпреварот беше Бранимир Јовановски, добитникот на признанието „ТРЕНЕР НА ГОДИНАТА ЗА 2012 ГОДИНА“.

На крајот на турнирот беа прогласени тројцата најдобри натпреварувачи, кои добија парични награди за освоено прво, второ и трето место на турнирот. Пехарите и наградите им ги врачи претседателот на здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиевски.

*Елена Ѓурчиноска*

# ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ БАРААТ ПОВЕЌЕ ВРАБОТУВАЊА ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Пристапни рампи, вработување и ригорозни мерки за работодавците кои ги злоупотребуваат правата на лицата со телесен инвалидитет при нивното вработување, тоа се приоритетните барања на овие граѓани, кои заедно со своите колеги од соседните општини се собраа на заедничко дружење во Виница.

„Во претстојниот период очекуваме поголема поддршка од заедницата во надминување на овие проблеми, општините Виница и Кочани треба да работат на поставување пристапни рампи секаде каде што тоа е неопходно, а особено пред јавните институции, и секако, нашите заложби како Здружение се обезбедување вработувања за лицата со телесен инвалидитет и во јавната администрација“, истакна Горан Војновски, претседател на Здружението „Мобилност“ во Кочани.

За значењето на празникот зборуваше Здравка Данева, член на „Мобилност Кочани“ и координатор во новоотворената канцеларија во Виница.





Градоначалникот Емил Дончев во своето обраќање нагласи дека се прават напори за имплементација на зацртаните цели од Акциониот план, кој Општината го донесе за лицата со попреченост во 2009 година, и најави отворање на клуб за овие лица да имаат можност повеќе да се дружат.

Во знак на благодарност за поддршката беа доделени и благодарници за фирмите „Макпрогрес“ и „Тондах“, како и на градоначалникот Емил Дончев.

Од страна на „Мобилност“ беше обезбедена донација од канцелариски мебел за доопремување на канцеларијата на Здружението во Виница, кое има 70 активни членови, а како лица со телесен инвалидитет, на список се водат 86.

*Анче Данев*

# Активности на „Мобилност Битола“









Крајот на ноември и почетокот на декември беа исполнети со новогодишни и јубилејни активности. Деновите во почетокот на декември се поврзани со основањето на **„Мобилност Битола“** во далечната 1987 година. Јадрото на основачите – претседателот на Сојузот **Миодраг Игњатовиќ**, генералниот секретар **Соња Ристевска**, претседателот на СХО Битола – прим. д-р **Благој Поповски** и јас, прим. д-р **Нико Јанков** со десетина социјални работници и дефектолози го основавме Здружението на телесно инвалидизирани лица на Општина Битола, кое во 1998 година прерасна во Меѓуопштинско здружение на телесно инвалидизирани лица на општините Битола, Демир Хисар и Ресен – МЗТИЛ и во 2010 година се преименува во Здружение на лица со телесен инвалидитет на Битола, Демир Хисар и Ресен – „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“. Од првите 30 стигнавме до 900 членови, со континуитет на растеж и активности. Прифаќање и остварување на сите предизвици на кои наидовме. На 4 декември делегација на „Мобилност Битола“ присуствуваше на денот на телесните инвалиди и јубилеј на „Мобилност Кочани“.

Многубројни, но добредојдени се проверените пријатели и постојани партнери во активностите. Нашите членови поминаа возбудливи моменти. Истото се повтори и во Скопје на традиционалниот пречек на Нова година. Во меѓувреме се подготвуваше новогодишната забава која се одржа на 29-ти декември и на која учествуваа повеќе од 60 членови и гости. Овој настан традиционално се одржува повеќе години. Во последните години традиционално гости-учесници се нашите пријатели од Прилеп – **Стевче, Влатко, Ѓоре и Миле**. Од првиот момент прославата имаше позитивни ефекти врз сите присутни. Претседателот се осврна со кратко резиме на досегашните активности и успеси на „Мобилност Битола“, како и плановите за иднина. Од особен интерес беше сознанието за продолжување на активностите во смисла на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност. „Мобилност Битола“ повторно аплицира, овој пат преку ИПА-програмите со која се надева, ако го добие овој проект, да придонесе за поквалитетна имплементација на Конвенцијата.

Ова сознание беше поздравено со бурен аплауз од присутните. Се надеваме дека новата 2013 година ќе биде подобра од претходната. Ќе се продолжи со заложбата за реализација на статутарните и програмски цели на „Мобилност Македонија“ и „Мобилност Битола“, а во прв ред заложбите ќе бидат за имплементација на Конвенцијата. На оваа наша средба се присутни повеќе












наши пријатели кои традиционално помагаат при остварување на нашите цели. Пријателите од Прилеп ова го покажаа и докажаа на повеќе наши средби. Нашето дружење и соработка продолжува. Ќе се продлабочат досегашните активности и отворат нови видици во нашето дружење. Дружењето на оваа прослава продолжи до доцните часови со многу добра музика и весело и добро расположение. На крајот сите задоволни и среќни се разделивме со мисла дека новата 2013 година ќе ни донесе на сите подобри услови за живот и благосостојба.

И овој пат Стара Нова година помина во традициите кои траат и оние кои се започнуваат. Членовите од „Мобилност" од Битола и Ресен ги направија на најдобар начин. Прво во Битола на 11 јануари, во просториите на „Котле" кај Кубурот, во позната атмосфера заедно со пријателите, триесетина членови на „Мобилност Битола" ја прославија православната Нова година. Вообичаеното „вртење" на мазникот помина со индивидуални мазничиња, а добитник беше Бојче на Олгица Огненовска. Веселото расположение со вицеви и смеење продолжи во следните неколку часа.

Годинава, членовите од Ресен кои вообичаено доаѓаа во Битола, овој пат прославија во просториите на клубот во Ресен. Нивната атмосфера од почеток беше романтична и со свеќи. Во секој случај, започна една нова традиција за која се надеваме дека ќе продолжи.

Во тек се подготовките за Собранието кое се очекува да се одржи во првата половина на февруари. Во меѓувреме беа поделени лекови по програмата преку „Мобилност Македонија".

# АКТИВНОСТИ НА „МОБИЛНОСТ ШТИП“

На 3 декември, „Мобилност Штип“ одржа свечена седница на која го одбележавме **25-годишното постоење и дејствување на нашето здружение, кое се поклопува и со 3 декември – меѓународниот ден на лицата со инвалидност**. На седницата присуствуваа членовите на Собранието , Управниот одбор , членови



на сите комисии, основачите на здружението и активни членови на здружението на лица со телесен инвалидитет на штип „Мобилност Штип“.

Посебно задоволство на сите присутни им приреди присуството на еден од најстарите основачи на здружението, 82-годишниот чичко Драги Абрашев кој со својата виталност навистина сите не изненади. Нека е жив и здрав.

На најдобрите спортисти им беа врачени скромни подароци и им посакавме во наредниот период подобри резултати, а на најзагрозените мала финансиска помош.

Од формирањето во далечната 1987 година до денес здружението во своето работење бележи солидни резултати во сите сфери на своето работење. Се решаваа проблемите со кои се соочуваше членството, но не секогаш беше лесно.

Еден од најгорливите проблеми со кој се соочуваше членството, а кој сè уште постои е **вработувањето** на работоспособните инвалиди. Со донесувањето на посебен Закон за вработување на инвалидите, а подоцна и со неговото изменување и дополнување работите тргнаа на подобро, но секако останаа уште многу нерешени проблеми.

Моментално инвалидите се соочуваат со проблеми и тоа со можност за откази од работа затоа што придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравственото осигурување и другите придонеси кои државата ги плаќаше за инвалидните лица вработени согласно со Законот за вработување на инвалидни лица, сега



работодавецот ги плаќа а потоа државата средствата ги рефундира на работодавецот но со големо задоцнување и тоа по неколку месеци, а токму тоа задоцнување доведува и до отпуштање од работа затоа што се доведува во прашање и опстанокот на фирмата.

Да напоменам дека Конвенцијата е ратификувана, но во иднина треба сите наши активности да се насочат кон имплементација на истата.

Секоја година за членовите на здружението се организира традиционалната **новогодишна прослава** на која членовите се забавуваат со песна и игра. Освен членовите на здружението имавме и гости, и тоа претседателот и генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, генералниот секретар на Федерацијата за спорт и рекреација и претставници на „Мобилност Скопје“. На прославата имавме и лотарија за која секоја година се грижат спонзори-бизнисмени од нашиот град на кои посебно сме им благодарни.

Исто така и оваа година не изостанаа и **новогодишните пакетчиња** за најмалите кои беа, секако, најсреќни...

На крај би сакала на сите членови на „Мобилност Македонија“ да им ја честитам **новата 2013 година** и да им посакам многу здравје и бериќет.

*Елица Трпковска*

# ОДРЖАНО ЕКИПНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ

На 2-ри Декември во просториите на ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, а по повод одбележување на „3-ти Декември“ – Меѓународен ден на лицата со инвалидност, во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет се одржа екипно Државно првенство во шах, на кое со свои екипи учествуваа:

-Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија Мобилност Македонија;

-Националниот сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија;















-Националниот сојуз на слепи на Македонија и

-Националниот сојуз на глуви на Македонија.

Првенството се одржа по викенд правила, Бергеров систем, и на крајот првото место го освои екипата на Националниот сојуз на слепи лица на Македонија со 11 поени, на делба на второто место се пласираа екипите на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија - Мобилност Македонија и Националниот сојуз на цивилни инвалиди од војната на Македонија со по 6,5 поени и четвртопласирана беше екипата на Националниот сојуз на глуви на Македонија со 0 поени.

НФСРИМ-МПК како организатор на турнирот обезбеди преоден пехар.

*Б.Јовановски*

# ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА ЗА НАЈМЛАДИТЕ ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ ТЕТОВО И ГОСТИВАР“

На 21 декември 2012 година „Мобилност Тетово и Гостивар“, како и секоја година организираше предновогодишна забава за најмладите членови. Оваа година забавата беше организирана во хотелот „Македонија“. На околу триесетина членови беа поделени по три новогодишни пакетчиња од Дедо Мраз. Пред делењето на пакетчињата имаше кратка претстава од глумците од



драмското студио „Менада“. Спонзори на пакетчињата беа Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ, фирмата „Везе Шари“ и центар за ортотика и протетика „Славеј“. На забавата дечињата ги поздрави претседателот на „Мобилност Тетово и Гостивар“, Велибор Јакимовски и шефот на кабинет од Општина Тетово. Присутни беа и претставници од донаторите и од локалната самоуправа. Донатор на пиците и соковите за прославата беше СДСМ од Тетово. Децата се дружеа и се забавуваа со глумците, се смееја на претставата и на крајот го дочекаа и се сликаа со Дедо Мраз кој им ги подели пакетчињата. Сето ова беше снимено и презентирано уште истиот ден во вестите од локалните телевизии Кис, Менада и Коха.

*Ф. Клепова*

# „Рекламна бајка“ и Дедо Мраз

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“ традиционално и оваа година организираше новогодишна претстава за своите најмлади членови. На 25.12.2012 година, во Театарот за деца и младинци, најмладите членови на „Мобилност Скопје“ на возраст од пет до 13 години ја гледаа театарската претстава „Рекламна бајка“. Присутните дечиња со своите родители и своите браќа и сестри уживаа во веселата претстава, која им го задржа вниманието во текот на сите 50 минути колку што беше нејзиното траење. Во претставата беше вклучен и неизбежниот Дедо Мраз кој по завршувањето на претставата остана да се забавува делејќи им ги и новогодишните пакетчиња и сликајќи се со дечињата. Оваа година „Мобилност Скопје“ обезбеди по две пакетчиња за секое дете. Пакетчињата ги обезбедивме како донации од „Бимилк“ во соработка со Црвен крст на општина Центар и „Лајонс клуб“, Претседателот на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиески, им се заблагодари на помагателите на здружението доделувајќи им благодарници. Така, благодарници добија Црвен крст на општина Центар, претставникот на „Бимилк“ и претставникот на „Лајонс клуб“, како и Театарот за деца и младинци без кој целата оваа манифестација немаше да се одржи.













За поголема радост на децата „Мобилност Скопје“ им приреди уште едно изненадување, потпомогнато од „Европа“ – Скопје и Црвен крст на општина Кисела вода. Имено, на 28.12.2012 година во просториите на „Даре Џамбаз“ се одржа уште една приредба за децата на која им беше доделено уште по едно новогодишно пакетче од „Европа“ – Скопје. На оваа пригода свое обраќање имаше секретарот на општинската организација на Црвен крст на Кисела Вода, Љупчо Стефановски, како и претседателот на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиески. На децата пакетчињата повторно им ги подели Дедо Мраз во присуство на Баба Мразица кои заедно заиграа на прекрасната музика која беше дел од ова случување. Децата со задоволство и насмевки си заминаа дома да ги сместат убавите и богати пакетчиња под своите новогодишни елки.

*Елена Ѓурчиноска*

# ДОСТА (БРЕ) НАСИЛНИЦИ!

Немаме сигурни показатели за вкупната бројка на инвалидизирани жени во нашата земја, како и за тие со телесен инвалидитет (во понатамошниот текст акцентот е врз нив). Во некои од соседните земји од вкупниот број на инвалидизирани лица 40% биле жени. Од нив 77% биле со нижо, основно или никакво образование, со 30% учество од вкупно вработените инвалидизирани лица и со 30% од сите корисници на инвалидска пензија. Од наредниот попис на населението се очекуваат слични бројки и кај нас. Жените со инвалидитет се посебно осетлива (ранлива) општествена група, која често поради својот пол и инвалидитет се наоѓа во нерамноправна положба во однос на мажите и жените без инвалидитет но и во однос со мажите со инвалидитет. Многубројни и специфични се проблемите со кои секојдневно се среќаваат овие жени, почнувајќи од недоволната и неадекватната примена на законите и прописите во практиката, економските проблеми (вработувањето, кое е потешко отколку кај мажите-инвалиди), проблеми во образованието, архитектонските бариери, здравството (несоодветна гинеколошка и стоматолошка здравствена заштита, медицинската рехабилитација), репродуктивните права и правото на формирање семејство, разните облици на дискриминација, насилството.

Еден од најчестите стереотипи кога е во прашање насилството врз жените со инвалидитет е: „Никој нормален не би можел да нападне, удри, повреди жена во количка“. Во секојдневјето не е баш така не разуверија двајца напалени средовечни „мажи“, и тоа во деновите околу одбележувањето на Светскиот ден на борбата против насилството врз жените. Регионот беше шокиран од овие настани. Првиот, 49-годишен возач на специјално комбе за превоз на инвалидизирани лица, кој силуваше 19-годишна скоро неподвижна девојка, со тежок телесен инвалидитет, во Риека, Хрватска. Несреќната девојка ама баш со ништо не му дала повод за тоа. Таа едноставно, како и многупати пред тоа ги користела услугите на таквиот превоз. Вториот, 50-годишен во Заечар, Србија го злоупотребил гостопримството на тричлено семејство, сопруг, сопруга инвалид тешко подвижна и ќерка 31-годишна со церебрална парализа. Божем бил осамен и барал друштво, пријатели. Искористувајќи ја нивната наивност, почестувајќи ги со сок со наркотично средство, ги зашеметил, ја силувал девојката, ги ограбил и побегнал. По соземањето од наркотикот родителите го пријавуваат настанот. Тоа што девојката не била најдена во инвалидската количка туку во кревет, без долна облека и со трагови од обесчестување не биле доволен доказ за полицијата и го забошотуваат случајот. Дури по еден месец откако насилникот бил фатен при друго кривично дело, девојката била однесена на гинеколог каде што било утврдено дека е силувана. Секој чин кој е против волјата на поединецот, кој го загрозува неговиот личен интегритет, е насилство (вербално, економско, психичко, физичко, сексуално ), кое според локацијата може да биде: семејно, во околината и на работното место. На



пример семејното насилство може да е поединечно, да биде само физичко, психичко, сексуално, две или три заедно! Кај нас не се води статистика за тоа каков е ризикот жените со инвалидитет да доживеат насилство во споредба со жените без инвалидитет, веројатно бројките ќе бидат алармантни. Во Германија жените со инвалидитет имаат четири пати поголема можност да доживеат насилство, во однос на другите жени. Насилството е и воспоставување на моќ и контрола над жртвата, создавајќи така однос на „господар“ и „роб“. Доколку жртвата има и помала можност физички и интелектуално да се спротивстави, моќта и контролата полесно и подолго се одржува. Овие жени имаат мала можност да се спротивстават на кој било начин на насилството, а уште помалку да се извлечат од него, пред сè заради стереотипите и предрасудите на околината поради својот ин-



валидитет, анемичната или никаквата институционална поддршка. Жените со потежок инвалидитет физички зависат од туѓата помош и поддршка при вршењето на основните животни потреби, како што се одењето во тоалет, одржувањето на личната хигиена, облекување и соблекување, преминување од количка во кревет и обратно, хранењето и др. Доколку не се „послушни“ можат да бидат изложени и на други тортури, изгладнување, оддалечување од ортопедското помагало и средствата за комуникација, закана дека ќе ги остават сами на улица без никаква помош, дека ќе завршат во некој дом или клиника, дека ќе живеат во потполна изолација и сл. На овој начин „господарот“ воспоставува апсолутна моќ и контрола, дури и без употреба на физичка сила. Модринките и другите повреди се припишуваат на „паѓање“, како честа појава кај лицата со тежок инвалидитет, што претставува отежнителна околност при докажувањето на природата на повредата. Насилниците се со сите степени на образование, со разни професии и социјална состојба. Претежно тоа се лица од најтесното семејство од кои жените со инвалидитет се потполно емотивно, физички и економски зависни. Кога велиме за емотивната зависност, овие жени велат дека „никој не ги сака, не се никому потребни, дека треба да бидат благодарни дека некој се грижи за нив, во спротивно би биле гладни и оставени на улица“. Со текот на времето ја губат самодовербата и почнуваат да веруваат за сликата за себе наметната од најблиските, сметајќи дека како такви и не заслужуваат подобар живот. Остануваат така невидливи за надворешниот свет, со своите најблиски кои ги навредуваат, понижуваат, омаловажуваат, со тепање, закани, изолирани во куќи или станови од кои не можат да излезат поради немање на лифтови или нивно нефункционирање, несоодветни скалила, тесни врати или најчесто поради стравот и заканите од насилникот.

Не дека не се говори, пишува, расправа за насилството врз жените со инвалидитет, но останува горчливиот впечаток дека тоа се прави повеќе околу 3 декември и 4 декември секоја година, или по некој тежок инцидент од црните хроники. За специфичните проблеми со кои се судруваат секојдневно овие жени како прво е непријавувањето на насилството. Многубројни се причините поради кои не се пријавува насилството, почнувајќи од економската зависност, зависноста од помошта од страна на насилникот, стравот и изгубената самодоверба сметајќи како нивниот збор е безвреден. Честопати нивните пријави со резерва се прифаќаат од институциите, сомневајќи се во вистинитоста на содржината на пријавата што доведува до тешкотии околу докажувањето на насилството, чувството на немоќ, незнаењето, изолацијата и недостапната комуникација. Релативно малата бројка на пријавени случаи на насилства, особено сексуалните, честопати и како инцест, не значи дека овие жени се помалку изложени на овој вид на насилство. За жал, ретки се и пријавите на случаи на насилство кај овие жени од лицата кои први контактираат со нив (лекари, патронажни сестри, полицајци). Тие први можат да видат модринки, повреди, промени во однесувањето на жртвата, да алармираат, па и да го пријават насилството.

Второ, местото и улогата на институциите кои се задолжени и инволвирани за оваа проблематика (здравствени работници, социјални работници, полиција, суд). Не ретко сме сведоци на неекспедитивност и нестручност во постапките, тромава реакција, забошотување и ставање на проблемите под тепих. Кај стручните лица кои се занимаваат со проблемот за насилството врз жените со инвалидитет постои еден степен на дискриминација и несензибилизираност при детектирањето, разрешувањето, санкционирањето, спречувањето и превенцијата кон овие случаи. Од тука се наметнува потребата за додатна едукација на стручните лица, интензивирање на соработката со невладините организации, за да се зголеми бројот на пријавените случаи на насилство. Се смета дека насилството може да се спречи со едукација на младите уште од најраните детски денови во градинките, воведување на адекватни предмети во основното образование за воспитување за ненасилно решавање на конфликтите и проблемите. Децата кои трпат насилство во семејството или се сведоци на него, кога ќе станат возрасни и ќе создадат семејство голема е веројатноста од нив да станат непресметливи, социопатолошки неизбалансирани индивидуи и истиот рецепт да го применуваат кон својата сопруга и децата. Наша основна цел е да го прекинеме тој круг. Да им дадеме надеж на жените со инвалидитет. Надежта е ирационална категорија, нешто флуидно и неопипливо, но рационално како потреба и без неа се губи секоја смисла на човековото постоење.

д-р *Славчо Д. Илиев*

# *Да ја запознаеме Република Македонија*
# Попатно запознавање на планините во Република Македонија

*(Трудот го посветувам на колегата Андреја Танески)*

Површината што ја зафаќа Република Македонија изнесува 25.714 км$^2$. Од оваа површина 80% се планини, а 20% се котлини, што произлегува дека Република Македонија е повеќе планинска земја. Набљудувано од птичја перспектива ни изгледа како „шаховска табла“. Сите планини и котлини си имаат свои имиња кои ги знаат жителите на локалното население. Меѓутоа, луѓето од другите краеви кои патуваат од еден крај на друг не ги знаат имињата на тие планини, и котлини, па би било пожелно тоа да го дознаеме преку овој прилог.

Да започнеме со Скопската Котлина. На северната страна од Котлината е планината Скопска Црна Гора, на запад е ниската планина Жеден, на југ малата планина Водно и Китка, и на југоисток кај Катланово е Градиштанската Планина.

На релацијата Скопје – Гевгелија, напуштајќи ја Скопската Котлина и патувајќи кон Велес, се навлегува во Таорската Клисура на реката Вардар. Десно од патот е Скопска Сува Планина која во продолжение се надоврзува на планината Китка, а Китка на Голешница која не прати до Велешката Котлина. Зад овие планини се планините Караџица, Мокра Планина со врвот Солунска Глава, а зад Мокра Планина е Орешка Планина (Даутица). Трите планини не се забележливи од автопатот. Од левата страна на автопатот и реката Вардар во Таорската Клисура е Градиштанската Планина која започнува од реката Пчиња, па се протега се до велешкото езеро Младост. Патувајќи во спротивна насока Велес – Скопје, што е еднонасочен пат, се патува преку јужните делови на Градиштанската Планина. Напуштајќи ја планината кај селото Петровец се навлегува во Скопската Котлина. Напуштајќи ја Велешката Котлина од десната страна на патот и реката Вардар, па се до Градско е планината Клепа. На истата релација, од левата страна на патот и Вардар се ниските разбранети ридови со највисокиот врв Илинца висок 664 м. Од Градско до Демир Капија од десната страна е висорамнината Витачево, додека од левата страна на истата релација е областа Сландол, познат како Криволак. Понатаму, кон Градско на Сландол се надоврзува Конечка Планина (Серта) која се протега некаде до средината на клисурата Демир Капија. Од гратчето Демир Капија, па се до Гевгелиското Поле, од десната страна е Марјанската Планина. Југозападно од Марјанската Планина и западно од Гевгелиското Поле, подалеку од автопатот и реката Вардар, па се до границата со Грција е планината Кожуф. На левата страна од автопатот е Вардар, некаде од средината на Демиркаписката Клисура и селото Градец, што е покрај патот, на Конечка Планина се надоврзува Градешка Планина, која завршува кај селото Удово. Од селото Удово, па до границата со Грција е ниската планина Плавуш. Демиркаписката Клисура произлегува дека се наоѓа меѓу Марјанската Планина што е десно од Вардар и Конечка и Градешка Планина што се лево од Вардар и автопатот.

Патот Скопје – Косово оди по долината на реката Лепенец која се наоѓа меѓу две планини создавајќи ја Качаничката Клисура. Патувајќи по овој пат десно од него или лево од Лепенец е Скопска Црна Гора, додека лево е Шар Планина.

Ако се патува од Скопје кон Полог преку Радуша, патот поминува низ клисурата на Вардар, Дервен. Десно од патот или лево од Вардар е Шар Планина, а десно од Вардар е Жеден.

Патната релација Скопје – Охрид, започнува во западниот дел на Скопската Котлина. Напуштајќи ја котлината се навлегува во Скопскиот Дервен. Од десната страна на патот е планината Жеден, а од левата страна е Сува Гора кој огранок во дервенот се вика Каршијак. По завршетокот на Скопскиот Дервен благо се спушта во Полошката Котлина. На запад и северозапад од котлината е Шар Планина, додека од југоисточната страна на котлината или лево од патот Тетово – Гостивар продолжува Сува Гора. Од Гостивар до Кичево пределот е планински. Првата планина што е од десната страна е планината Бистра која на патот не прати и низ Кичевската Котлина. Од левата страна на патот е планината Буковиќ. Од превојот Стража кој е меѓу планините Бистра и Буковиќ, патот се спушта по падината на Буковиќ до крајните северни зарамнети делови на Кичевската Котлина. Источно од планината Буковиќ што не се гледа од патот, завршува Сува Гора и се надоврзува планината Челоица, која е лево од патот и завршува некаде кај селото Осломеј – Туин и превојот Белези. Од оваа линија кон југ, источно од Кичево и Кичевската Котлина е планината Песјак. Од Кичево кон Охрид до селото Извор од десната страна е планината Бистра, додека лево се крајните северни делови на Илинска Планина.

Од селото Извор десно започнува планината Стогово, која покрај патот е се до превојот Пресека, а од левата страна е Илинска Планина. Од селото Извор до превојот Пресека пределот се вика Копачка. Од превојот Пресека кон Охрид е пределот Дебарца. Десно од патот е планината Караорман која не прати се до селото Ботун каде што започнува Струшкото Поле. Од десната страна по превојот Пресека, меѓу селата Годивје и Песочани е Славеј Планина, огранок на планината Караорман. Од левата страна на патот е Илинска Планина. Напоменуваме и тоа покрај патот во Дебарца, па се до селото Ботун се патува покрај реката Сатеска. Од Ботун до пред Охрид од левата страна на патот се западните падини на Илинска Планина.

Ако се патува за Охрид преку Маврово и Дебар, на почетокот од десната страна на патот и долот е Шар Планина, а од левата страна е планината Биста. Двете планини десно и лево од патот се протегаат се до реката Радика, а меѓу нив е Мавровското Езеро. Патувајќи покрај реката Радика од десната страна е планината Крчин (Дешат) која се надоврзува на планината Кораб, а од левата страна на патот е планината Бистра. Заминувајќи го Дебарското Езеро од десната страна започнува планината Јабланица и не прати се до Охридското Езеро. Од левата страна пред Дебарското Езеро започнува планината Стогово. На Стогово се надоврзува планината Караорман која е лево од патот се до Струшкото Поле. Пределот меѓу овие планини се вика Малесија или Дебарски Дримкол.

Од Кичево еден пат оди за Прилеп преку гратчето Брод. Во почетокот патот оди покрај горниот тек на реката Треска. Од Кичево до Брод од десната страна е Бушева Планина, а од левата стана на патот и реката Треска е планината Песјак. Од Брод кон Прилеп од десната страна на патот пак е Бушева Планина, а лево се јужните падини на Орешка Планина (Даутица). Напуштајќи ги планинските предели, патот навлегува во северниот дел на Прилепското Поле.

Од Кичево поточно од селото Другово преку Демир Хисар се оди за Битола. Од десната страна на патот, прво е Илинска Планина, потоа Планенска Планина и пред Битола е Црноврshkиот Рид. Од левата стана на патот тргнувајќи од селото Другово е планината Лубен. По Лубен е малата планина Орлак која е продолжение на Бушева Планина.

Десно од патот Кичево – Цер – Крушево е планината Лубен, а лево од патот е Бушева Планина.

Меѓу Охридското и Преспанското Езеро се планините Галичица и Исток (Петра). Галичица го зафаќа јужниот дел, а Исток северниот дел се до патот Охрид – Ресен.

Патувајќи од Охрид до Ресен, како што рековме десно е планината Исток (Петра), а лево од патот прво е Илинска Планина, па потоа Плакенска Планина и се навлегува во Преспанската Котлина и градот Ресен. Од Ресен патот продолжува за Битола, искачувајќи се по падините на планината Баба што е од десната страна и Бигла од левата страна на патот. Овие две планини се поделени со превојот Ѓавато. Пред да се стаса во Битола од левата страна на патот и Црновршкиот Рид. Од Битола до Прилеп се патува низ Пелагониската Рамнина. Десно од патот на извесна оддалеченост е Селечка Планина на која десетина километри пред Прилеп се надоврзува планината Дрен. Од левата страна на патот по напуштањето на Битола е малата планина Орлак. Од Прилеп до Градско патот оди преку превојот Плетвар.

Југоисточно од Битола и Прилеп и десно од Црна Река е пределот Мариово и планините Ниџе и Мариовски Козјак по чии сртови е границата со Грција.

Напуштајќи го Прилеп патот благо се издига по ридовите на Мариовска Сува Планина што е од десната страна и планината Бабуна на која се надоврзува ниската планина Клепа што се наоѓа од лева страна на патот. Превојот Плетвар фактички е меѓу овие две планини. Напуштајќи ги падините на овие планини се патува покрај реката Раец, а потоа Црна Река, кои течат низ пределот Тиквеш.

Патувајќи од Скопје за Србија, автопатот оди по источниот дел на Скопската Котлина. Пред да се напушти котлината од левата страна е планината Скопска Црна Гора која е лево од патот се до границата со Србија. По излегувањето од котлината патот оди по благо разбранетиот предел Жеглигово. По Куманово од десната страна на патот е малата ниска планина Руен. Руен е и лево од патот Куманово – Крива Паланка, која планина завршува во коритото на реката Пчиња. По Куманово, од автопатот се двои пат за Крива Паланка и Бугарија. Од десната страна на овој пат се северните делови на планината Манговица.

Десно од с. Ранковци започнува планината Осого-

во, која не прати се до границата со Бугарија. Од левата страна на патот по планината Руен и реката Пчиња се наоѓа планината Кумановски Козјак. Северно од селото Ранковци и подалеку од патот е планината Герман. Во продолжение на планината Герман е планината Билино, која е северозападно од Крива Паланка, а, пак, по сртовите на Билино се наоѓаат границите со Србија и Бугарија. Не само тоа, туку на неа е и граничното тромеѓе меѓу Србија, Бугарија и Република Македонија.

Десно од патот Куманово – Свети Николе – Штип е Градиштанската Планина, а, пак, лево е планината Манговица. Патувајќи кон Крива Паланка, по селото Страцин од десната страна се двои пат за Кратово и Пробиштип. Десно од патот пак ни е планината Манговица, а лево планината Осогово.

Од Велес за Штип се поминува низ Овче Поле. Нешто подалеку од десната страна на патот е ниската планина со врвот Иланца, истиот што се наоѓа лево кога се патува од Велес кон Градско. Во продолжение кон Штип од десно ни е Свети Јованскиот Рид. Од Штип до Делчево се патува покрај реката Брегалница. Десно од патот, поаѓајќи од Штип за Кочани е планината Плачковица, а лево меѓу овие два града прво е планината Манговица, а по Злетовска Река која се влива во Брегалница, е планината Осогово која не прати се до Делчево. По Кочани патувајќи кон Делчево, десно од патот се планините Обозна и Голак. Лево од патот Делчево – Пехчево – Берово е планината Влаина. На Влаина се наоѓа границата со Бугарија. Пределот меѓу Обозна и Голак од една страна и Влаина од друга страна, е пределот Пијанец.

Имаме планини од двете страни и на патот Штип – Радовиш – Струмица. Поаѓајќи од Штип првата планина од десната страна е Конечка Планина или Серта, а по селото Лакавица, па се до Струмица не прати планината Смрдеш. Од левата страна по Штип е пределот Јуруклук кој постепено се издига кон планината Плачковица, а по Радовиш е Малешевската Планина. Од Радовиш до Струмица патот минува низ Радовишкото Поле.

Продолжувајќи го патот од Струмица до Петрич се оди низ Струмичкото Поле. Десно од патот е планината Беласица, а лево е планината Огражден.

На релација Берово – Струмица, се минува првин преку Малешевските Планини, а по селото Двориште преку планината Огражден. Преминувајќи преку Огражден патот се спушта во Струмичкото Поле и градот Струмица.

*Илија Петрушевски*

# Медот и здравјето

Течно злато од ризницата на природата

Уште основачот на медицинските науки Хипократ и познатиот персиски лекар и филозоф Авицена медот го сметале за божји дар кој им е испратен на луѓето за среќа. Уште тогаш луѓето знаеле дека медот освен хранливи има и лековити својства, па го користеле и препорачувале за лекување на одредени болести. Во текот на историјата медот уште го нарекле и течно злато на природата, сок од небеската роса, еликсир на здравјето. Во светот има околу 20.000 видови на пчели на секој континент освен Антарктикот. Се хранат со нектар како извор на енергија и полен како извор на протеини. Нивната организација е многу ефикасна и сложена и донекаде може да се спореди со човековата општествена заедница. Најновите истражувања откриваат уште еден фасцинантен податок за пчелите – нивната способност сами да се лекуваат кога ќе се разболат.

Утврдено е дека медот, млечот, поленовиот прав и прополисот имаат многу сложен состав и се идеални катализатори и биостимулатори во човечкиот организам обезбедувајќи му многу заштитни и лековити материи. Но, за да се додаде медот во исхраната е потребно да се почитуваат некои правила, како на пример, кога и колку мед треба да се земе. Веќе од третиот месец по раѓањето на бебињата може да им се дава по половина лажичка мед дневно, но задолжително растворен во млеко, чај или кашичка. Децата од училишна возраст може да земаат по две лажички, а возрасните и повеќе, но најмногу до 100 грама дневно, ако е за лекување. Медот посебно им се препорачува на анемичните и слаби деца заедно со рибино масло, бидејќи тогаш подобро се искористува Д-витаминот, а се користат и некои минерали.

Младите кои се занимаваат со спорт редовно треба да земаат мед за да ја надополнат изгубената енергија. Бремените жени кои страдаат од мачнина и повраќање треба да земаат мед растворен во млака вода за да им се намалат тешкотиите. Доилките, исто така, треба да земаат мед оти тоа им годи на бебињата. Медот со млеч и полен, пак, ги намалува или сосема ги отстранува проблемите кај жените во менопауза.

Медот и другите производи на пчелите треба да се земаат и за време на епидемии, бидејќи ја зголемуваат отпорноста на организмот. Кај постарите луѓе медот го подобрува функционирањето на скоро сите органи, им ја враќа силата и отпорноста. Затоа лекарите и експертите велат дека медот ја олеснува староста.

Важно: Медот кај чувствителните луѓе може да предизвика грчеви во желудникот ако се зема чист. Затоа, најдобро е да се зема растворен во млеко или чај. Ако сепак се зема со лажичка, тогаш најдобро е да се земе под јазикот и полека да се топи.

Медот како храна и лек

Медот е ароматична слатка материја произведена од пчелите, кои, пак, ја прават од нектарот на цветните растенија. Има многу сложен хемиски состав. Содржи околу 100 различни состојки: гликоза и фруктоза, минерални материи, разни киселини, белковини, ароматични соединенија, ензими, хормони, витамини, вода и други состојки. Од минералните материи се застапени многу елементи неопходни за правилно одвивање на физиолошките процеси во организмот на човекот: калиум, натриум, хлор, сулфур, калциум, магнезиум, железо, фосфор, силициум, никел, бакар и др.

Медот е лесно сварлива храна поради простите овошни и гроздови шеќери, витамини, минерални материи и затоа директно по внесувањето во организмот преоѓа во крвта. Затоа е добра храна за деца и спортисти, стари и изнемоштени лица.

Кристализација на медот

Природниот квалитетен мед има својство да кристализира. Ова својство на медот зависи од видот. Одредени видови побрзо кристализираат за разлика од други видови. Багремовиот мед најдолго останува во течна состојба. Дали медот побрзо или побавно ќе кристализира зависи од количината на гроздовиот и овошниот шеќер во медот, како и температурата на која се чува медот. Така, медот кој се чува во фрижидер многу побрзо кристализира. Во многу европски земји купувачите навикнале да купуваат само кристализиран мед, оти така се сигурни дека купуваат природен производ. Кој сака може многу лесно од кристализиран да добие повторно течен мед. Постапката е едноставна. Медот се топи на ниска температура кога стаклената тегла се става во друг сад со вода и постепено се загрева на температура پониска од 45 Целзиусови степени. Ако температурата е повисока медот се деградира и губи од квалитетот. Затоа медот никогаш не го ставајте во жежок чај или во жешко млеко.

Употреба на медот

Медот и разните комбинации со другите пчелини производи (препарати) не се јадат, туку се раствораат и така се пијат. Затоа е најдобро медот и другите додатоци од медот да се пијат растворени во топла вода, топло млеко или топол чај. Но медот може да се зема и така што ќе се држи во уста додека постепено не се раствори. Најлош начин на консумирање е кога медот набрзина ќе го проголтате, а потоа ќе се напиете вода.



Колку мед дневно му е потребно на организмот

Нормална дневна доза на мед е:

– за возрасни од 60 до 100 грама мед, поделени на три-четири дози во текот на денот, и

– за деца од 30 до 50 грама, три-четири пати во текот на денот.

Една кафена лажичка содржи околу десет грама мед, а супена лажица околу 30 грама мед.

**Видови на мед и лековити својства**

Багремов мед

Проѕирен со бледозеленкава или светложолтеникава нијанса. Ароматичен и со пријатен сладок вкус, па затоа се препорачува за деца и постари лица. Го намалува лачењето на киселини во желудникот, ја регулира функцијата на желудникот, помага во запирање на крвавење, кашлица, висока температура, а може да се користи и кај болестите за очи. Се препорачува и за смирување

на нервниот систем, во стресни ситуации и против несоница.

Липов мед

Има светложолта боја, специфичен мирис и остар вкус, па лесно се препознава. Предизвикува потење и затоа е незаменлив при настинки, го олеснува искашлувањето. Поради големите антибактериски својства има превентивно дејство и се користи при воспалителни процеси на дишите патишта и органите за варење, за санирање на рани и изгореници. Се препорачува за разни болести на желудникот, црниот дроб и бубрезите.

Ливадски мед

Овој мед потекнува од повеќе видови цветни растенија, па мирисот, вкусот и бојата варираат во повеќе нијанси. Бојата му е од жолта и светлоцрвена, до темножолта, црвена а може да биде и потемна. Мирисот му е посебно изразен, пријатен, а доминира аромата на цветните растенија каде што пчелите го собираат нектарот. Вкусот е пријатен, изразен, сладок, а може да биде и малку киселкав. Богат е со ензими, органски киселини, витамини и со флавоидни соединенија. Се користи во лечење на стомачно-цревни, бубрежни, белодробни, гинеколошки заболувања и кај болести на срцето и крвните садови. Со него можат да се премачкуваат рани и појави на дерматитис, а се користи и за рунитис, синуситис, колитис и други заболувања. Поволно влијае кај деца во развој, постари лица и ја враќа енергијата кај лицата кои закрепнуваат по тешки болести.

Мед од костен

Медот од питом костен е темножолт со слаб мирис и горчлив вкус. Порано се сметаше дека не е квалитетен, а денес се бара поради богатството од полен. Помага при бронхитис, астма и други болести на дишните органи, кај болестите на крвните садови и го подобрува апетитот. Познато е дека костеновиот мед помага кај болестите на органите за варење, црниот дроб, жолчката, простатата и кај слабокрвноста. Има јако бактерицидно дејство, содржи во себе многу водородпероксид, па е добар и за рани.

Мед од сончоглед

По медот од костен, сончогледовиот мед е еден од побогатите со полен. Има жолта боја и особено се препорачува при настинки, грип, кивавица. Поседува антибактериски и антимикотички својства.

Овошен мед

Се добива од различно дрвенесто овошје кое цвета на пролет. Доминираат јаболкото и црешата, а може да биде и од нектар на слива. Бојата е темножолта и е со пријатен мирис. Богат е со полен и е одличен за лечење на настинка, црн дроб и органите за варење. Многу добро влијае во работата на срцето и крвните садови, а се користи и за лечење на болести на мочните патишта.

Мед од жалфија

Може да има жолта, но и потемна боја, со пријатен мирис и има малку горчлив вкус. Многу баран мед поради извонредните лековити својства, особено за болестите на дишните патишта. Помага во запирањето на крвавење, против воспаленија, има јако бактерицидно дејство. Многу се користи и во козметиката.

Шумски мед

Овој мед не потекнува од нектар туку е од таканаречена медна роса (сок од растение) или од медлика (смолеста материја создадена при симбиоза на инсекти). Пчелите го собираат од листовите и гранките на различни листопадни и зимзелени дрвја. Дабовата медлика е густа, леплива, со темноцрвена боја. Нема изразен мирис, а вкусот е јак и специфичен. Наликува на карамела. Содржи многу минерали. Медликата од елките е со темнозелена боја. Нема изразен мирис и е со пријатен вкус. Многу е ценета меѓу познавачите на лековитите својства на медот. Сите видови медлика имаат силни антисептички и противвоспалителни својства и помагаат кај болестите на дишните патишта и органите за мокрење. Присуството на смолестите материи на медот му даваат пургативни својства и смирувачки дејства при воспаление на цревата. Овој вид на мед содржи богатство од минерали и железо и ја покачува вредноста на хемоглобин во крвта, го зајакнува срцето и крвните садови, како и имунолошкиот систем. Се препорачува на деца трудници и постари лица.

Мед во саќе

Медот во саќе е природно спакувана најздрава храна. Со џвакањето на медот во саќе се масираат непцата во устата и се освежува здивот. Природниот восок од пчелите содржи голема количина на витамин А, и тоа 50 пати повеќе од месото. Се користи против воспаление на грло, синуси и непцата во устата, како и против алергија. Препорачливо е медот во саќе да се држи во устата додека не се растопи медот. Остатокот од саќето потоа се џвака најмалку десет минути.

…продолжува

*Елена Ѓурчиноска*

(преземено од „Здравје и убавина“)

## НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

**Од 23 до 24 ноември оваа година во Банско ќе се одржат XVIII-тите „Музички средби“ на лицата со телесен инвалидитет. Оваа година се пријавија повеќе од 20 учесници и комисијата за избор на учесници на овие музички средби ќе има многу тешка задача.**

**Треба да одговорите кој и со која песна победи на минатогодишните „Музички средби“ на лицата со телесен инвалидитет?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

**Дуетот: Митко Фидановски и Томче Најдовски.**

Поставеното прашање се покажа дека не е баш лесно, бидејќи на адресата на „Мобилност Македонија“ пристигнаа многу малку писма, односно само десет, две од Скопје, две од Велес, четири од Штип, и по едно писмо од Охрид и Прилеп.

Наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил“ во Банско, Струмица, со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта, сметаме дека е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број ќе учествуваат во наградната игра.

На седницата на Уредувачкиот одбор на весникот „Феникс 86“, среќниот добитник го извлече членката на „Мобилност Македонија“ Драгана Стоилковиќ од Куманово. Прво извлечениот коверт содржеше неточен, односно нецелосен одговор. Персида Пренџова од Велес во одговорот го навела само името на Митко Фидановски. Бидејќи не беше целосен, одговорот не се прифати.

Второ извлечениот коверт содржеше точен и целосен одговор, а најмногу среќа имаше:

## Елизабетка Павлова од Штип

Донатор на оваа награда се сопствениците на хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“ на телефонскиот број 02/3211-280.

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

**На 28 јануари, во салата на Македонската опера и балет, на свечената манифестација во организација на Агенцијата за млади и спорт, нашата златна олимпијка Оливера Наковска-Бикова и нејзиниот тренер Бранимир Јовановски добија престижни награди. За кои награди станува збор?**

Сметаме дека и одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека треба само да го читате весникот „Феникс 86“ и ќе го дознаете одговорот.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адресата на „Мобилност Македонија“, на ул. 11 Октомври бр. 42-а – Скопје, со назнака за наградната игра, најдоцна до 15 април 2013 година.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кои го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти, па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд во бањата Банско во Струмица.

*С. Прчева*

Врз основа на член 45 став 1 од Статутот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија - Мобилност Македонија, Управниот одбор на седницата одржана на ден 09.02.2013 година донесе:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## НА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ, НОСИТЕЛИТЕ НА ФУНКЦИИ И ВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА И ЗДРУЖЕНИТЕ ЧЛЕНКИ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Предмет на Кодексот

Член 1

Етичкиот кодекс на однесување на членовите на Мобилност Македонија (во понатамошниот текст Кодекс) е збир на морални вредности, норми и принципи на однесување кои се должни да ги почитуваат сите членови, носителите на функции и вработените лица на Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија.

Цел на Кодексот

Член 2

Принципите кои се содржина на овој Кодекс имаат за цел да поставаат основни стандрди кои ќе го регулираат однесувањето на членовите, носителите на функциите и вработените лица на Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија, и ќе придонесат за воспоставување и одржување на повисоко ниво на професионално и етичко однесување.

Членовите на Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија, со својата чесност, етика и морал се обврзуваат да ги применуваат, развиваат и збогатуваат овие принципи и преку свој личен пример да придонесуваат и другите да ги почитуваат и применуваат.

Содржина на Кодексот

Член 3

Кодексот содржи принципи на етичко однесување врз основа на кои членовите се должни да се придржуваат и да ги почитуваат и тоа:

1.Почитување на интегритетот и достоинството;

2.Заштита на личниот углед, угледот на Мобилност Македонија и на здруженијата членки на Мобилност Македонија;

3. Совесност, одговорност, чесност, пристојност и културно однесување;

4. Стручност, ефикасност и транспарентност;

5.Законитост и одговорност.

Член 4

Членовите, носителите на функции и вработените лица на Мобилност Македонија и здружените членки на Мобилност Македонија се обврзуваат на:

**1. Почитување на интегритетот и достоинството** на секој член без дискриминација или

повластување по основ на инвалидност, возраст, национална, етничка или социјална припадност, јазично или расно потекло, политички или верски убедувања, образование, социјална положба, пол, брачен или семеен статус или по било кој друг основ;

**2. Заштита на личниот углед, угледот на Мобилност Македонија и на здруженијата членки на Мобилност Македонија.** Да не се предизвикуваат конфликтни ситуации или однесувања кои штетно влијаат на интересите, интегритетот и угледот за него лично, како и угледот на членовите на Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија;

**3.Совесно, одговорно, чесно, пристојно и културно однесување** (без навредување, омаловажување, псовки, непристојни гестови, шпекулации,...) со придржување кон општо човечките вредности при присуство на седници на органите и телата на здруженијата и на Мобилност Македонија, настап на јавни манифестации, престој во апартманите во Охрид, учество и спроведување на програмски активности на Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија, настап на електронски и печатени медиуми, јавните социјални мрежи (Facebook, Twiter, Skype...);

**4. Стручност, ефикасност и транспарентност.** Прифаќање на задачи и нивна ефикасна реализација во предвидениот рок согласно усвоените програмски актривности, а врз основа на соодветна стручност и целосна транспарентност во работата.

**5. Законитост и одговорност**, членот ги остварува и извршува своите права, обврски и должности согласно Законите, Статутот и другите акти на Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија.

Член 5

Секој член на Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија има право на заштита од вознемирување, вербално, невербално или физичко малтретирање, кое има за цел да предизвика омаловажување, страв или повреда на нивниот интегритет и достоинство, предизвикано од непријателско, понижувачко или навредливо однесување од поединци или групи.

Непочитувањето и повредата на принципите на овој кодекс повлекува морална и дисциплинска одговорност согласно одредбите на Правилникот за материјална и дисциплинска одговорност Мобилност Македонија и здруженијата членки на Мобилност Македонија, заради заштита на правата на сите членови, нивниот интегритет и достоинство како и интегритетот и достоинството на Мобилност Македонија и здружените членки на Мобилност Македонија.

Член 6

Овој Етички кодекс на однесување влегува во сила од денот на неговото донесување.

УО на Мобилност Македонија
Претседател
Бранимир Јовановски с.р.

**Враќање**

Разговараат две пријателки:
– Кажи ми, сосетке, како ти успеа мажот ти да се враќа дома рано?
– Лесно. Еднаш се врати дома по полноќ, и јас од спалната го повикав: – Стојане, ти ли си?
– А тој?
– Па, тој се вика Трпе!

**Школска другарка**

Телефон ѕвони во станот на Трпе, пратеник во Собранието. Се јавува неговата сопруга и слуша мил женски глас:
– Добар ден!
– Дали е тоа станот на Трпе? Ми треба Трпе!
– А кој го бара?
– Овде е една негова школска другарка!
– Лажеш курво, Трпе никогаш не одел во школо.

**Трагедија**

**С**и разговараат на телефон две плавуши:
– А бе знаеш денес го пратив маж ми да оди да купи компири ама се случи трагедија.
– Каква трагедија?
– Го згази кола!!!
– И што ќе правиш сега?!
– Веројатно ориз.

**Папучар**

Идат другари под прозор кај некој папучар:
– Ајде другар во кафана?
Папучарот:
– Чекај да ја прашам жена ми!
По три минути:
– Ма кој и ебе матер, одете вие!

**Сљаткарница**

Иде дечко во слаткарница...
– Добар ден може ли да добијам една бакљава?
– Не.
– Зошто?
– Не се вика бакљава туку баклава.
– Добро, може ли да добијам баклава?
– Може. (му носи)
По неколку минути...
– Може ли да добијам љимунада?
– Не може да добиеш љимунада!
– Зошто?
– Не се вика љимунада туку лимунада!
– Добро, може ли да добијам лимунада?
– Може. (му носи)
По неколку минути...
– Може ли да пљатим?
– Не може...
– Ооо фаљааа, пријатно!!!

**Инфекција**

Цветко го прашува Трпе:
– А бе, што си таков во окото?
– Инфекција од мислење...
– Како бе од мислење?
– Е па така, мислев дека Трпана ќе ме промаши со пепељарата.

**Симптоми**

Рамче оди на доктор и се жали дека има болки во увото. Докторот го прашува:
– Кажи ми, какви се симптомите?
– Симптомите се одлични! Најмногу ми се свиѓаат Хомер и Барт.

**Паметна**

Цветко се пушта на девојка и ѝ вика:
– Ти си најубавата, најзгодната и најдобрата девојка која некогаш ја имам запознаено!
А девојкава му враќа:
– Ај бе не лажи, само сакаш да ме легнеш!
А Цветко:
– Опаа, дури и паметна си!

**Три вести**

Се среќаваат Мујо и Хасо и Мујо вели:
– Имам три вести за тебе, лоша, полоша и најлоша.
– Започни со лошата.
– Јас сум геј!
– А која е полошата?
– Многу ми се допаѓаш!
– А најлошата?
– Два пати сум посилен од тебе!

**Еден збор**

Се среќаваат двајца пријатели кои одамна не се виделе.
– Кај си сега на работа?
– Никаде, ме избрка директорот од работа само за еден збор.
– Како бе така за еден збор?
– Е така, бевме собрани повеќе души во дворот на фирмата, на паузата, помина директорот, се замеша во муабетот, почна да се фали дека има јака кола, супер викендица, супер жена, прва лига во кревет и јас му реков ЗНАМ.

*Митко Фидановски*













